| | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК - Државен рецитаторски натпревар: учество: 2 ученици<br><br>АНГЛИСКИ ЈАЗИК - Училишен натпревар: I место: 3 ученици<br><br>ХЕМИЈА - Општински натпревар: учество: 3 ученици<br><br>ГЕОГРАФИЈА- Општински натпревар: учество: 4 ученици<br>Регионален натпревар: учество: 2 ученици, I место: 2 ученици, II место: 1 ученик<br><br>МАТЕМАТИКА - Општински натпревар: I место: 1 ученик, II место: 3 ученици<br>Регионален натпревар: пофалница: 3 ученици, III место: 1 ученик<br><br>ФИЛОЗОФИЈА- Регионален натпревар: учество: 3 ученици<br>Онлајн натпревар – Предизвик за млади истражувачи: учество: 1 ученик<br><br>Учебна 2020/2021<br><br>МАТЕМАТИКА<br>Општински: учество: 1 ученик, II награда: 3 ученици, III награда: 2 ученици, пофалница 2 ученици<br>Регионален: учество: 4 ученици, III награда: 3 ученици<br>Државен: учество:3 ученици<br><br>АНГЛИСКИ ЈАЗИК - Општински: I место:1 ученик, II место: 4 ученици, III место: 1 ученик<br>Регионален: I место: 2 ученици, II место: 2 ученици, III место: 2 ученици<br>Државен: учество: 4 ученици<br>Државен натпревар по читање: учество: 1 ученик, II награда: 1 ученик, III награда 1 ученик<br><br>ГЕОГРАФИЈА - Општински: I место: 2 ученици, II место: 1 ученик, III место: 1 ученик<br>Регионален: I место: 2 ученици, II место: 1 ученик, III место: 1 ученик<br>Државен: I место: 1 ученик, пофалница: 3 ученици<br><br>ФИЗИКА - Општински: пофалница: 3 ученици<br>Регионален: I место: 3 ученици<br>Државен: учество: 3 ученици<br><br>БИОЛОГИЈА - Општински: учество: 3 ученици |

| | |
|---|---|
| | Регионален: II награда 1 ученик, III награда 1 ученик<br>Државен: II награда: 2 ученици<br><br>МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК - 47ми Караманови средби: учество: 1 ученик, I место: 1 ученик, II место: 1 ученик<br>Ученички конкурс- Фондација Никола Кљусев: учество: 2 ученици<br><br>ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК - Интернационален натпревар Willkommen: учество: 2 ученици, I награда 1 ученик<br><br>Учениците од геолошко-металуршката и електро – техничката струка, соодветно според нивната струка во текот на учебната година својата практична работа ја изведуваат во опремени работилници во училиштето, во кои можат да се запознаат со средствата за работа во тие организации и целокупниот технолошки процес за изработка на готови производи. Учениците од металуршката и електро – техничката струка освен во сопствената работилница во училиштето посетуваат и некои организации каде можат да се стекнат со практично искуство .<br><br>➢ **<u>Идентификување и поддршканаучениците сопотешкотиивоучењето, нанадаренитеученици и научениците сопосебниобразовнипотреби</u>**<br><br>Има ученици кои послабо напредуваат во совладувањето на наставната содржина или ученици кои се со ограничени способности или поради болест способностите им се намалени, односно ученици со потешкотии во учењето. Тоа се случува најчесто кај ученици кои живеат во лоши социо-економски услови во семејството, деца на разведени родители, деца на родители алкохоличари итн. Овие ученици, најчесто, се запишуваатво класовите на стручното образование, кои се во склоп на нашето училиште.Наставниците ги препознаваат интелектуалните способности на овие ученици и се трудат интензивно да ги стимулираат. За напредок на успехот на учениците кои имаат потешкотии во учењето се применуваат следните форми на соработка:<br>- соработка меѓу училиштето и семејството,<br>- личен контакт на класниот раководител како и предметните наставници со родителите,<br>- посета на родителскиот дом,<br>- поредовна посета на родителот во училиштето,<br>- соработка на родителот и ученикот со педагошко-психолошката служба.<br><br>Овие постојани контакти влијаат врз квалитетот и резултатите кои ги постигнуваат учениците со потешкотии во учењето. Со овие контакти и соработка, му се овозможува на ученикот да се |

| | |
|---|---|
| | ослободи во секојдневната комуникација и однесување и да биде сигурен во себе, а резултатите доаѓаат сами по себе, овие ученици редовно го завршуваат средното образование.<br><br>Што се однесува до учениците сопосебни образовни потреби, во овие две учебни години, во нашето училиште немаученици кои се категоризирани дека се ученици со посебни образовни потреби, но таквата состојба не беше забележана имајќи во предвид дека едната учебна година во целост, а другата делумно, се реализираа преку учење на далечина.<br><br>Во нашето училиште нема документ за категоризација, ниту систем за идентификување на учениците со посебни потреби (ПОП). Немаме ниту ученици категоризирани како ученици со ПОП. Меѓутоа вработените ја следат и почитуваат визијата на нашето училиште предвидена во Годишната програма на училиштето и Прирачникот за инклузија во наставата како резултат на учество на училиштето во Проектот за регионална поддршка за инклузивно образование. Сите вработени посетуваа обуки кои беа спроведени од Центарот за едукација - Скопје во соработка со Филозофски Факултет при универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје во јуни 2015 година.<br><br>Работните задачи на наставниците во инклузивниот процес се:<br><br>- спознавање на индивидуалните потреби на секој ученик;<br><br>- планирање и подготвување на наставата,<br><br>- препознавање и справување со посебните потреби на ученикот;<br><br>- дидактичко структурирање на содржините,<br><br>- поттикнување и насочување на интерес кај ученикот со ПОП;<br><br>- развивање и јакнење на интерперсоналните односи на децата врсници кон ученикот со ПОП;<br><br>- почитување на личноста на секој ученик;<br><br>- следење, проверување и оценување на развојот и напредокот на секој ученик ;<br><br>- постојано работење на свое лично стручно усовршување, посетување обуки, семинари, работилници и сл; користење интернет ресурси и сл.<br><br>Бенефитот од инклузивниот процес за децата без пречки во развојот е: прифаќање на различностите како нормалност; развој на вредносниот систем базиран врз позитивното искуство со децата со ПОП; развој на чувство за потребите на другите; развој на соработката и солидарност во детскиот колектив. Учениците со ПП не се само деца кои имаат пречки во развојот, туку сите деца кои од разни причини имаат потешкотии во совладувањето на |

| | |
|---|---|
| | наставното градиво (UNESCO, 1997).<br><br>Индивидуален образовен план е инструмент (пишан документ) со кој се обезбедува прилагодување на образованието за децата со потешкотии во развојот на нивните можности и потреби. Истиот содржи: детален опис на моменталното ниво на функционирање на детето; природа на проблемот кај детето, активности што ги презема училиштето (што обезбедува, ресурси т.е. луѓе, специфични програми / активности / помагала), цели (точно обмислени, конкретни, временски достижни и реални), поддршка од родителите, медицински потреби, извештаи и податоци. Наставниците во училиштето немаат големо искуство во изработка на ИОП.<br><br>➢ **Подобрувањенапостигнувањатанучениците прекуредовната и дополнителнатанастава**<br><br>Поради ситуацијата со пандемијата Ковид 19 во делумно онлајн поминатата учебна година 2019/20 и целосно онлајн пандемиска учебна година 2020/21 не се упатени ученици на дополнителна настава, меѓутоа постојано им се праќаа дополнителни материјали на учениците по електронски пат. Исто така и во овие години на пандемија многу ученици учествуваа на општински, регионални и државни натпревари, за кои се подготвуваа онлајн со своите наставници преку додатна настава.<br><br>Според податоците, во 2019/20 год. 3 ученици го завршиле своето образование по вонреден пат, во 2020/21 година 4 ученици завршиле по вонреден пат.<br><br>➢ **Следењенахоризонтално и вертикалнодвижењенаучениците**<br><br>Во однос на хоризонтално движење на учениците, во текот на образованието, доколку ученикот ја промени својата желба за избор на своето образование, може да ја промени својата насока, со полагање на диференцијалните предмети, со одлука на наставнички совет.<br>Во просек по учебна година, вакви случаи се појавуваат најчесто во прва година и тоа на самиот почеток, премин од гимназиско во стручно, и обратно. За случаите од погорните години, со поднесено барање од страна на ученикот, одобрување на истото од страна на наставнички совет и полагање на диференцијалните испити предвидени според програмата, ученикот има хоризонтална проодност.<br>Во однос на вертикалното движење на учениците во училиштето, доколку некој ученик покажува посебен интерес и афинитети, континуирано одличен успех, редовност во наставата, активно учество на натпревари, на наставнички совет, по барање на ученикот, се дозволува ученикот |

| | |
|---|---|
| | забрзано да го заврши образованието.<br>Според архивата на педагошката служба во овие две учебни години не е забележан таков ученик, додека во претходните, се појавуваат еден до двајца ученици.<br>Секој стручен актив  изработува посебна програма за талентирани ученици, која е наменета токму за овие ученици, за да им се овозможи таа вертикална проодност. |

**2.2Задржување/ осипување на учениците**

| Изворнаинформации | Анализа |
|---|---|
| • годишен статистички извештај на училиштето<br>• главна книга од завршни испити<br>• записници<br>• усниразговорисоп сихолошко-педагошкаслужба<br>• податоциодпедаго шкаевиденција<br>• усни разговори со класните раководители. | ➢ **Опфатнаучениците**<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од нашата општина и ученици од блиските општини, доколку постојат такви ученици. По објавување на конкурсот за упис објавен од страна на министерството за образование и наука, утврден е бројот на паралелките во гимназиското и стручното образование, видови на струки и бројот на паралелки на македонски и турски наставен јазик. За запишување на учениците во прва година се формираат училишни комисии за упис и комисија за рангирање. Уписот се врши во јуни, во три термини според условите и критериумите објавени во конкурсот. |

**Вкупен број на запишани и завршени ученици**

| Учебна година | Вкупно запишани ученици | Завршени ученици | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| 2019/2020 | 548 (290 машки и 258 женски) | 543 (286 машки и 257 женски) | 34 |
| 2020/2021 | 559 (293 машки и 266 женски) | 545 (277 машки и 268 женски) | 34 |

- годишен програм статут на училиштето;
- записник од наставнички совети на училиштето;
- записникодучилишниотодбор.

| **ој на запишани ученици на турска националност** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Учебна година** | **Вкупно запишани ученици на турска националност** | | | **Завршени ученици** | | | **Број на пар.** |
| **2019/2020** | **120** | **61м** | **59ж** | **108** | **55м** | **53ж** | **8** |
| **2020/2021** | **111** | **67м** | **44ж** | **96** | **58м** | **38ж** | **7** |

Од направената анализа во двете учебни години се гледа дека бројот на запишани ученици опаѓа, вкупниот број на паралелките на турски наставен јазик е намален за една паралелка**.**

| Ученици кои завршиле средно образование во двете учебни години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Државна матура | | Училишна матура | | Завршен испит | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж |
| | Македонски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Турски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Македонски | 43 | 61 | 0 | 0 | 8 | 4 |
| | Турски | 3 | 8 | 0 | 0 | 8 | 0 |

Во 2019/2020 година, заради ковид ситуацијата, учениците не полагаа матура. Во 2020/2021 година, поголем број од учениците полагале државна матура.

- **<u>Редовностнаставата</u>**

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Постои меѓусебна соработка меѓу класниот

реководител и педагошко – психолошката служба. Класниот раководител е должен редовно да дава извештаи за редовноста на учениците, во однос на зголемувањето на неоправданите изостаноци се изрекуваат соодветни мерки, како што се: усна опомена од класен раководител, писмена опомена од класен раководител, опомена пред исклучување и исклучување на ученикот од редовна настава.

| Број на изостаноци во текот на двете учебни години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно | Број на ученици | Просек |
| **2019/2020** | 17266 | 2784 | 20040 | 543 | 37 |
| **2020/2021** | 17756 | 2891 | 20647 | 545 | 38 |

**Споредбено за двете учебни години бројот на ученици се намалува, меѓутоа бројот на изостаноци во просек на ученик е сличен.**
Класниот раководител за нередовноста и поведението ја запознава педагошко-психолошката служба, која директно разговара со ученикот за причините за нередовноста во наставата, и со покана ги повикува родителите за да ги запознае со нередовноста и поведението на нивните деца. Значи, родителите на учениците кои имаат повеќе неоправдани изостаноци за неоправдано отсуство или повеќе од три слаби, се повикуваат на советување од страна на педагошко – психолошката служба. Оние ученици кои не се сигурни во себе, успехот да ги задржиме во училиштето изостанува, додека во случаи кога родителите покажуваат голем интерес нивните деца да го продолжат образованието успехот не изостанува.

- **<u>Осипувањенаучениците</u>**

Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците, според полот и етничката припадност, ги анализира причините и во соработка со родителите и локалната самоуправа, навремено превзема конкретни активности за да го спречи тоа осипување.

Но, осипувањето на учениците во нашето училиште е се поприсутен проблем кој како негативна појава егзистира во педагошко-психолошката пракса. Причините поради кои учениците го напуштаат училиштето се многубројни и различни, а се менуваат во зависност од современите текови

- иселување на родителите и барање егзистенција во друга држава;
- префрлање во друго училиште;
- ученици кои потекнуваат од семејства со нарушени семејни односи (родители-алкохоличари, разведени родители и сл).

| | |
|---|---|
| | Од секојдневното следење, осипувањето на учениците не е поврзано со половата и етничка припадност.<br>Училиштето се обидува да ги задржи учениците во училиштето со директни разговори со учениците и со родителите (старатели).<br>Класниот раководител за незадоволителното поведение поради голем број на неизвинети изостаноци ја известува педагошката служба која стапува во контакт со родителите, меѓутоа има родители кои не одговараат на поканите на службата.<br><br>Педагошко-психолошката служба заедно со класниот раководител преку директни разговори со ученикот ги дознава причините за негативниот однос на ученикот кон наставата. Најчеста причина за незаинтересираноста на ученикот да остане во училиштето е незаинтересираниот односот на нивните родители кон нив.<br><br>Родителите се често незаинтересирани, ретко присуствуваат на родителски средби. Овие ученици се недоволно сигурни во себе и успехот да ги задржиме во училиштето изостанува. Секогаш поголем успех учениците да се задржат во училиштето е кога родителите покажуваат поголем интерес за нив.<br><br>Учениците кои најчесто се подложени на осипување од училиштето потекнуваат од семејства со нарушени семејни односи, како и економски немоќни семејства. Тие ученици се нередовни во наставата и со незадоволително поведение, нив ги евидентира класниот раководител во дневникот за работа.<br>Но, сè почесто, причини за осипување се поради промена на местото на живеење, односно учениците со своето семејство се иселуваат во странство.<br><br>➢ **<u>Преминнаучениците од едно во друго училиште</u>**<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При премин во друго училиште се доставуваат информациите за ученикот за неговиот успех и поведение во нашето училиште. Исто така, при прием на ученици од друго училиште, после даставување на информациите за ученикот од другото училиште, ученикот се прима во нашето училиште и истите тие информации се земаат во предвид при понатамошната работа и следењето на успехот и поведението на ученикот во нашето училиште. |

| **2.3 Повторување на учениците** | |
|---|---|
| | |

| Изворнаинформации | Анализа |
|---|---|
| | ➢ **Ученицикоинејазавршуваатгодината/ образованието** |

Процентотнаучениците коијазавршуваатгодината е вопостојанраст. Воучилиштетопостојатпропишанипроцедуризаидентификување и анализирањенапричинитезаповторувањенаучебнатагодина и училиштетопревземанавременимеркизанамалувањенабројотнатаквитеученици. Воодноснаова, сезабележувадеказначителносенамалувабројотнаучениците коијаповторуваатгодината. Училиштетогизапознава и учениците и родителитезаполитикатазанапредување, активноститештогипрезема и соправотозаподнесувањежалбаприповторувањенаучебнатагодина, пропишанивостатутот.

| **Ученици кои го напуштиле училиштето** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2019/2020** | **вк** | **7** | **м** | 3 | **ж** | 4 |
| **2020/2021** | **вк** | **11** | **м** | 5 | **ж** | 6 |

Една од причините за големото напуштање на училиштето е семејно иселување во странство.

| Отстранети ученици од училиштето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019/2020 | вк | 5 | м | 3 | ж | 2 |
| 2020/2021 | вк | 4 | м | 4 | ж | 0 |

Во двете учебни години, забележително е отстранување на ученици од машки пол, но има и отстранување и на ученици од женски пол, а најчеста причина според педагошката евиденција е големиот број на неоправдани изостаноци и непочитување на кодексот на училиштето.

| Број на ученици кои ја повторувале годината | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2019/2020 година | | 2020/2021 година | |
| | м | ж | м | ж |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Турска националност | м | ж | м | ж |
|---|---|---|---|---|
| | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во овие две учебни години нема ученик што ја повторувал годината.

**Други методи кои се користени за собирање на податоци**

**Анкетнипрашалницизанаставниоткадар, учениците и нивнитеродители**,

- ❖ одкоисеисцрпијаинформациизаактуелната и посакуванатасостојбавоучилиштето.
- ❖ во нивно креирање и спроведување учествуваше целиот тим одговорен за Подрачје 3 во соработка со главниот координатор на Самоевалуација 2019-21 и директорот на училиштето.

❖ ***<u>Прашања за наставници</u>***

Со овој прашалник беше опфатен целиот наставен кадар, меѓутоа одговориле 13 мажи и 28 жени, или вкупно 41 испитаници од наставниците, 2 од турска и 39 од македонска националност.

❖ На прашањето **16. Ги поттикнувате и мотивирате одличните и талентираните ученици за учество на натпревари. 59% одговориле со** а) целосно се согласувам, **12% одговориле со** б) делумно се согласувам, **2% со** в) не се согласувам (и навел бидејќи нема државни натпревари).

❖ На прашањето **17. Редовно ги упатувате слабите ученици на дополнителна настава. 34% од испитаниците одговориле под** а) целосно се согласувам, **51% одговориле под** б) делумно се согласувам, и **5% одговориле под** в) не се согласувам. Некои дале објаснување дека учениците не сакаат дополнителна настава, нема секогаш заинтересирани, преоптоварени се со редовната настава.

❖ На прашањето **18. Ги забележувате учениците со ПОП и со нив работите според посебна изготвена програма.** а) целосно се согласувам **-- одговориле 27%,** б) делумно се согласувам **- одговориле 66%,** в) не се согласувам

**одговориле 7% бидејќи** немам посебна програма, немам досега работено со ученици со ПОП, се снаоѓам според моето лично искуство.

- На прашањето **19. Спроведувате исти критериуми за оценување во секоја паралелка, без оглед на етничката припадност на учениците. 61% одговориле под** а) целосно се согласувам , **29% одговориле под** б) делумно се согласувам, **и 5% одговориле под** в) не се согласувам (бидејќи имаат различно знаење и разбирање, критериумите ги прилагодувам на структурата, потребите и способностите на учениците во паралелката).
- На прашањето **35. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовани потреби во вонnаставните активности. Одговориле со :**

а) Да **32%** б) Делумно **- 51%** в) Не **- 17% од испитаниците.**

## ❖ ***<u>Прашања за родители</u>***

Во рамките на оваа анкета беа опфатени родителите на 66 ученици, 14 од турска и 52 ученици од македонска етничка припадност кои беа опфатени со прашалникот за ученици по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Пополнет прашалник вратија само 48 родители, и машки и женски ама во неопределен број затоа што не се изјасниле во прашалникот за нивниот пол.

- На прашањето **12. Дали наставниците нудат можност за реализирање на дополнителна настава за учениците со потешкотии во учењето? Тие се изјасниле вака:**

а) да, редовно - % б) понекогаш по потреба – 44% в) не, никогаш - 12% г) не сум запознаен 37%

- На прашањето **13. Дали наставниците им овозможуваат на учениците да го надополнат нивното знаење со додатна настава?одговориле со:**

а) да - 12% б) да и тоа многу ми се допаѓа 14% в) понекогаш, по потреба 48% г) не, никогаш 14% д) не сум запознаен 12%

- На прашањето **14. Училиштето редовно ги следи учениците со слаб успех и нередовност во наставата и презема соодветни педагошки мерки. Родителите одговориле:**

а) целосно се согласувам 35% б) делумно се согласувам 31% в) не се согласувам 12% г) не сум запознаен 22%

## ❖ ***<u>Прашања за ученици</u>***

Во рамките на ова анкетирање беа опфатени 66 ученици, од кои 14 се од турска и 52 ученици од македонска етничка припадност, од кои 29 машки и 37 женски по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Учениците се од трета и четврта година средно образование на возраст од 17 и 18 години и во училиштето посетувале 2 години настава со физичко присуство, не земајќи ја во предвид претходната година со онлајн настава.

- На прашањето **23. Твоите наставници ти се достапни и ти помагаат кога имаш извесни потешкотии во твојата работа. Учениците одговориле вака:**

а) да - 23% б) повеќето – 41% в) некои – 35% г) не - 1%

- На прашањето **24. Дали твоите наставници нудат можност за реализирање на дополнителна настава за учениците со потешкотии во учењето? Одговориле со:**

а) да, редовно - 12% б) понекогаш по потреба - 76% в) не, никогаш - 12%

- На прашањето **25. Дали наставниците ви овозможуваат да го надополните вашето знаење со додатна настава? Испитаниците одговориле вака:**

а) да - 20% б) да и тоа многу ми се допаѓа - 15% в) понекогаш, по потреба - 51%г) не, никогаш – 14%

- На прашањето **26. Дали во вашето училиште се организираат секции по предметите? Со :**

а) да **(**наведи кои секции) – **одговориле 54% од испитаниците и навеле: секција по информатика, англиски јазик, спорт, математика, физика, македонски јазик – драмска секција, биологија, секција по одбојка, хемија, програмирање, но како забелешка некои навеле дека учествуваат постојано исти ученици.**
б) не (кои секции би сакал да се организираат) – **одговориле 46% и навеле дека сакаат секции по хемија, информатика, програмирање со добар професор, математика, физика, биологија, секции во хемиска лабораторија.**.

- На прашањето **27. Информации за својот напредок добивам од: одговориле вака:**

а) класен раководител - 70%
б) предметен наставник– 38%
в) стручен соработник– 3%
г) никој– 5%

**Самоевалуација на училиштето: СОУ,,Коста Сусинов “-Радовиш Подрачје 2. Постигнувања на учениците**

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Наставницитегимотивираат и поттикнуваттелентиранитеученицидаучествуваатнанатпревари, а тоарезултирасостекнувањенанаградинаопштински, регионален и државеннатпревар.
- Класниотраководителвосоработкасопедагошко – психолошкатаслужбаредовно и навременопревземасоодветнипедагошкимерки, советувања, разговорисоучениците коипокажуваатслабуспех и нередовнојапосетуваатнаставата.
- Постоиотворенасоработкамеѓунаставниците и учениците, наставницитепомагаат, даваатсоветизаизвеснипотешкотиисокоисесоочуваатучениците, штозначи, покрајобразовната, сепосветувадоволновнимание и навоспитнатадејност.
- Сереализираатдоволенбројначасовивододатнанастава, кадештоучениците имаатможностдагодополнат и проширатсвоетознаење. Сеорганизираат и секцииповеќепредмети.
- Учениците редовносеинформиранизасвојотнапредокодсвојоткласенраководител и предметеннаставник.
- Нема голема разлика во постигањата на учениците од полова и етничка припадност.
- Се намалува бројот на ученици кои ја повторуваат учебната година.
- На часовите за дополнителна настава, наставниците ги упатуваат учениците кои покажале слаб успех или имаат потешкотии во учењето.
- Наставниците нудат можност за реализирање на дополнителна настава за учениците со потешкотии во учењето. Најчесто тоа се случува по потреба, пред тематско писмено или усно утврдување или пред крајот на учебната година.
- Се спроведуваат исти критериуми за оценување во секоја паралелка, без оглед на етничката припадност на учениците, но понекогаш тоа е невозможнода се применува, заради различната структура на учениците во однос на нивните способности и претходно стекнатите знаења.

**Слабости :**

- Се намалува бројот на запишани ученици.
- Не секогаш успешно се одржуваат часовите по дополнителна настава. Иако наставниците имаат законска обврска тоа го сторат, во тој дел тие ги почитуваат тие задолженија, учениците со слаба оцена се упатени на дополнителна настава, но повратната реакција од учениците, нивната незаинересираност за подобрување на стекнатите знаења и поправање на слабиот успех, не им дозволува тоа да го завршат во целост, односно не се одржува тој дополнителен час. Понекогаш наставникот и ученикот не можат да одржат дополнителен час, затоа што ученикот е секој ден со седум часа е една од причините или пак е обврзан со превоз па мора да замине по завршувањето на часовите од неговата смена.
- Наставниците се изјасниле дека се забележуваат учениците со ПОП, па секој индивидуално, по свое увидување, креативност, стекнати информации, работат со овие ученици, без посебна изготвена програма.
- Да се прошири изборот на секции, учениците да имаат можност да посетуваат секција по речиси секој предмет
- Родителите се често незаинтересирани, ретко присуствуваат на родителски средби

**Самоевалуација на училиштата: СОУ,,Коста Сусинов“-Радовиш** **Подрачје 2. Постигнувања на учениците**

**Анализа на резултатите-**

- Училиштетогиподобрувапостигањатанаучениците соодржувањечасовизадополнителна и додатнанастава.
- Воучебната 2019/20 год. средниотуспехнаучениците е добар (3,48), а воучебната 2020/21 год. просекотнаучениците е многудобар (3,55). Споредбено, подобар е успехотво 2020/21 година и тоазголеменза 0,07.
- Успехоткајучениците коијаследатнаставатанатурскинаставенјазиквоучебната 2019/20 година е добар (2,98), а во 2020/21 година е добар (2,92).
- Учениците коијаследатнаставатанатурскинаставенјазикпокажуваатпослабирезултати и неучествуваатмногунанатпревари
- Немаразликавопостигањатанаучениците пополовавпрепадност.
- Личнипостигањанаучениците коиучествуваатнанатревари.
- Воовиедвеучебнигодининитуеденученикнејаповторувалгодината.
    - Осипувањетонаучениците не е поврзаносополовата и етничкатаприпадност, најчестапричина е фамилијарноиселувањеводругадржава.

**Идни активности-Приоритетни подподрачја(оддели)во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се преземат одредени стратегии за зголемување на бројот на ученици
- Да се најдат начини како да се мотивираат учениците да присуствуваат повеќе на дополнителна настава
- да се создадат подобри услови, временски и просторни, од страна на училиштето за да наставниците редовно и задолжително одржуваат дополнителна настава
- да се поддржат наставниците, ако е потребно и дополнително да обучат за креирање на ИОП и НП за децата со ПОП
- Да се прошири изборот на секции, учениците да имаат можност да посетуваат секција по речиси секој предмет
- Да се зголеми и зајакни соработката со родителите

**Самоевалуацијана училиштето:СОУ ,,Коста Сусинов” -Радовиш** **Подрачје:3. Учење и настава**

| ПОДРАЧЈЕ БР.3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **3.1** | **Планирања на наставниците** | ➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Индивидуални планирања на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови |
| **3.2** | **Наставен процес** | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Употреба на ИКТ во наставата<br>➢ Избор на задачи, активности и ресурси<br>➢ Приодот на наставникот кон учениците<br>➢ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>➢ Следење на наставниот процес<br>➢ Изведување практична обука на учениците кај работодавачите |
| **3.3** | **Искуства на учениците од учењето** | ➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе<br>➢ Учење во реални работни услово кај работодавач |
| **3.4** | **Задоволување на потребите на учениците** | ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | **Оценувањето како дел од наставата** | ➢ Училишна политика за оценување<br>➢ Методи и форми на оценување<br>➢ Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | **Известување на напредокот на учениците** | ➢ Известување на родителите за напредокот на учениците |

**Самоевалуација на училиштето: СОУ,,Коста Сусинов"-Радовиш** **Подрачје 3. Учење и настава**

| **3.1 Планирања на наставниците** | |
|---|---|
| Изворнаинформации | Анализа |
| - Годишните , тематските планирања и подготовките за наставен час<br>- Договорената / пропишаната интерна процедура за следењето и планирањето на наставниците .<br>- Евидентните листови /инструменти за следење на планирањето на наставниците .<br>- Записниците од состаноци од стручните активи<br>- инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовка на наставен час | |

| | |
|---|---|
| | постигањето на посолидни резултати на училиштето, со примена на интерни обрасци .<br><br>➢ **<u>Индивидуални планирања на наставниците</u>**<br><br>Училиштето им помага на наставниците за поефикасно планирање преку користење на напатствија издадени од Министерството за образование и наука,упатства преку Бирото за развој на образованието и ЦСОО.<br><br>Врз основана тие наставни програми секој наставник го планира својот годишен план за работа за тековната учебна година.Наставниците низ повеќегодишното искуство ги користат горе спомнатите методи,но внесуваат и нови методи што се одраз на разните проекти што се внесуваат и налагаат посовремен и прагматичен пристап кон наставните содржини за поцелосно вклучување на учениците и сите други релевантни фактори во нивното поефикасно интензивирање и реализирање. Овде би ја навеле интеграцијата на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.Тоа значи дека сите наставници во своите годишни и тематски планирања вметнуваат точки на акција од оваа програма и истите ги реализираат во текот на учебната година,како би ја развиле еколошката свест кај учениците.Преку ова нашето училиште ја има усвоено заштитата на животната средина и еколошката едукација како една од основните вредности во својот развој и управување. Исто така секој наставник во своите |

| | |
|---|---|
| | тематски планирања за предметот внесува 30% наставни содржини со примена на ИКТ, и внесува конкретни линкови кои ги користи во наведените наставни содржини.<br><br>➢ **<u>Размена на искуства и информации при планирањето</u>**<br><br>Наставниците ги креираат своите годишни и тематски планирања најчесто со консултации во рамките на своите стручни активи, а поретко во консултации и корелација со другите активи. Голем број наставници користат стручни искуства од различни медиуми, црпат информации од регионална соработка со други училишта итн. Голем број наставници сметаат дека во НПП задоволително се интегрирани содржини и активности за негување на меѓуетничката интеграција во образованието, а дел од наставниците предлагаат повеќе да се интегрираат содржини и активности за културата и традицијата на локалната заедница, како што се изјасниле во прашањата од анкетата за наставници.<br><br>➢ **<u>Распоред на часови</u>**<br><br>Распоредот на часовите го прави стручно лице во соработка со стручната служба и со наставниците според просторните можности, согласнонаставниотплан и програма , усогласеносопросторнитекапацитетисоможностзаиндивидуалнокористењенаСпортскатасала и кабинетитепо хемија, биологија, информатикакадеимапрактичнивежби, и просториитепредвиденизаПрактичнанастава и Учењепрекуработапочитувајќигоинтересотнаучениците. |
| **3.2 Наставен процес** | |
| Изворнаинформации | Анализа |
| - Дневни подготовки за час<br>- Глобални и тематски планирања<br>- Инструменти за следењње на час<br>- Инструменти за | ➢ **<u>Наставни форми и методи</u>**<br><br>Квалитетот и трајноста на знаењата, умеењата, вештините и навиките на учениците многу зависат од принципите, формите, новите методи и средствата кои се користат во воспитно-образовниот процес. Од тие причини современата настава претпоставува насоченост кон остварување на задачи и содржини со максимално-можна,мисловнаактивностнаучениците,научност,соодветност,постапности систематичност. |

| | |
|---|---|
| вреднување на наставен час<br>- Инструменти за следење на клима во паралелка<br>- Инструменти за следење и вреднување на наставниот напредок<br>- Инструменти за комуникација со учениците<br>- Инструменти за следење на ученички портфолија<br>- Разговор со директорот<br>- Разговоро со училишниот психолог<br>- Анкетни прашалници за ученици, наставници и родители | Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветсвуваат на индивидуалните потребите на учениците .<br><br>Со адекватна примена на сите наставни форми, методи и средства чија вредност ја потврдиле современата практика и методика на наставните предмети, пред се се истакнуваат: дијалошката и текстуално-графиката, демонстрирање, фронталната работа со приод на програмските содржини со методите на индукција и дедукција.<br><br>Притоа се применуваат и :<br>- разни видови групна работа;<br>- индивидуална, самостојна работа на ученикот;<br>- демонстрација излагање разни трудови на ученици (ѕиден весник,слики,графикони и сл.);<br>- практична настава во кабинети, со компјутери, медијатека, библиотека и др.<br>- посета на ликовни галерии,театар, културни манифестации , културни знаменитости во градот и државата<br><br>Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците во реализацијата на наставната материја за нејзино поцелосно и подетално разбирање и совладување, тие редовно ги споделуваат целите за реализација на еколошките проекти и точките на акции од воспоставените еко-стандарди .<br><br>Во училиштето подеднакво се третирани учениците без разлика на полот при проверката на усвоени знаења со испрашување,изработка на домашни задачи, обработка на прочитана лектира, демонстрација на опити, изработка на проекти од различни предмети во наставата и надвор од неа, дебати, истражувања итн.<br><br>➢ **<u>Употреба на ИКТ во наставата</u>**<br><br>Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат во реализација на наставните програми бидејќи во секоја училница има компјутер и ЛЦД проектор, а и секој наставник има лаптоп .<br><br>➢ **<u>Избор на задачи, активности и ресурси</u>**<br><br>Стереотипи за машки и женски активности не постојат,сите ученици подеднакво се вклучени во сите сфери, и најбитните во училишното работење, едукацијата, воспитниот процес, спортот, проектните активности и сл. |

| | |
|---|---|
| | Во поглед на професијата, денешната младина нема предрасуди ниту стереотипи во креирањето на својата иднина, барајќи подобра, посигурна и по перспективна професија како виза за успех и прогрес во општеството и животот. Меѓутоа и покрај се тие донекаде се наметнуваат од родителите кои сметаат дека нивните деца ќе постигнат подобри резултати и успех ако одберат професија што им нуди сигурност и заработка. Изборот на наставни задачи и активности најчесто се избираат соодветно според индивидуалните образовни потреби.<br><br>➢ **<u>Приодот на наставникот кон учениците</u>**<br><br>Наставниците редовно ги споделуваат наставните цели и кои резултати од учење се клучни. Сите ученици се поттикнуваат за активно учество во наставата. Според анкетниот прашалник е потврдено од страна на најголем број на учениците дека односот наставник ученик задоволува.<br><br>➢ **<u>Интеракција меѓу наставниците и учениците</u>**<br>Интеракцијата меѓу наставниците и учените се реализира за време на часовите, а исто така имаат и добра соработка и во воннаставните активности. За време на пандемиската 2020/21 година таа се реализираше по електронски пат и не само на часот туку и преку задавање домашни задачи и задолженија преку пораки и објави.<br><br>➢ **<u>Следење на наставниот процес</u>**<br><br>Работата на наставниците во училиштето се следи од страна на педагошката служба и директорот на училиштето. Тие вршат увид во наставата со посета на часовите при што го следат будно едукативниот процес по сите предмети. Со тоа придонесуваат во успешното спроведување на програмските содржини, а со конструктивните забелешки и дискусии со наставниците помагаат за поуспешно реализирање и унапредување на наставата.<br><br>Контролата се врши повеќе пати во текот на учебната година за да се поттикнат наставниците во ажурноста и работните обврски како и да се добие пореална слика и оцена за нивната реализација на воспитно-образовниот процес низ призмата на постигнатото, реализираното.<br><br>➢ **<u>Изведување практична обука на учениците кај работодавачите (учење во реални работни услови кај работодавач)</u>**<br><br>Учениците запишани 2018/2019 учат по старите наставни програми во кои е предвидено |

| | |
|---|---|
| | еднодневна практична настава во четврта година за учениците од Геолошко-рударска и металуршка струка профил Металуршки техничар и Електротехничка струка профил – Електротехничар за комјутерска техника и автоматиказастапенасо 5 часанеделно.<br>Учениците запишани 2019/2020 учат по Реформирано стручно образование и тоа:<br>- Геолошко- рударска и металуршка струка профил Металуршки техничар и<br>- отсек Електротехника со профил Електротехничар за КТА во која се застапени ученици во втора и трета година<br>За овие ученици е предвидена практична настава во рамките на одредени стручни наставни предмети а во трета и четврта година се реализира Учење преку работа кај работодавач и тоавотретагодинасо 4 часа а вочетвртасо 6 часанеделно.<br>За време на летниот распуст се реализира Феријална пракса, и тоа во прва година 5 дена, втора година 10 дена и трета година 15 дена, во фирми со кои училиштето има скучено договори за соработка и реализација на Феријалната практика:<br>1. ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш<br>2. ДПТУ Бучим ДОО Радовиш<br>3. ЈП ПЛаваја<br>4. Металопромет – Цветан<br>5. ДОО Биг-нет Радовиш<br>6. Нетком-мк |
| **3.3 Искуства на учениците од учењето** | |
| Изворнаинформации | Анализа |
| - годишна програма ;<br>- годишен извештај за работа на училиштето .<br>- годишни глобални планирања;<br>- тематски планирања;<br>- Анкетата на учениците<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба | ➢ **<u>Средина за учење</u>**<br><br>Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, инклузивна, стимулативна и мотивирачка средина, опремена со ергономски (пријатни, безбедни и практични) услови за работа. Тоа го наведуваат во анкетниот прашалник, во кој исто така наведуваат и дека е потребно и постојано надополнување и осовременување на средината за учење, тоа треба да биде континуиран процес. Заедничкиот внатрешен дел е естетски уреден, но сепак може да трпи промени и да се дополнуваат визуелни пишани и сликовити материјали, во кои ќе се отсликуваат наставните процеси но и мултикултурната соработка. Во училиштето се изложуваат трудовите на учениците на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето ) , почитувајќи естетски норми и на различни и повеќе начини: |

-Изработка на ѕиден весник со творби од областа на пишаниот збор,поетски и сл;
-Изложба на постери од настани,цртежи,изложба на предмети, графикони и сл.

- **Атмосфера за учење**

Согледано од секојдневниот воспитно образовен процес може да се каже дека во голем број на паралелки од гимназиско образование постои добра атмосфера за работа и голем натпреварувачки дух кој ги стимулира учениците кон поголемо знаење и вештини. Меѓутоа во паралелките од стручното образование се повеќе опаѓа конкуренцијата во знаење и умеење, и атмосферата за учење е доста опадната, тоа го покажуваат и извештаите за успехот во стручната служба. Учениците се чувствуваат безбедно додека се во училница за време на часовите по сите предмети, но исто така учениците присуствуваат на додатна и дополнителна настава која се изведува во нашето училиште како и вон наставните активности по одредени предмети.

- **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**

Најголем стимул за учениците е солидниот успех кој резултира од добро совладаната наставна материја што ќе им обезбеди посигурен успех при полагањето на завршниот матурски испит на крајот од средношколското образование.

Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проектии, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.

Учениците се наградуваат во училиштето со книги,пофалници,за континуиран одличен успех во текот на своето образование.Сметаме дека учениците треба да се стимулираат со воведување на вакви и слични наградувања како поттик за посолидни резултати и за поголем просперитет на учениците во понатамошното образование.

Учениците се поттикнуваат на самостојна работа и лична одговорност во разни натпревари што се одржуваат на регионално и државно ниво.Резултатите од ваквите натпревари се солидни бидејќи учениците постигнуваат завидни резултати со многу освоениI,II,III места на државно ниво.

Најчесто учениците добиваат пофалници и стипендии како награда за вложениот труд и постигнати резултати,а исто така учениците кои имаат постигнато едно од првите три места од државните и меѓународни натпревари добиваат еднократна финансиска награда од комисијата за образование култура и спорт која функционира во склоп на совет на општина Радовиш.

<table>
<tr><td></td><td>

➢ <u>Интеракција на учениците меѓу себе</u>

Учениците заеднички работат на многу проекти кои се дел од наставата, а и надвор од неа, и учествуваат во разни секции. Во оваа заедничка работа се внимава учеството на родова и етничка припадност, а исто така и се негува чувството на припадност, толеранција и меѓусебно почитување. Исто така учениците и кога учествуваат на натпревари си помагаат едни со други. Како организатор на овие натпревари се јавуваат друштвата по македонски јазик,математика,географија,странски јазик,хемија под контрола на Бирото за развој на образованието.</td></tr>
<tr><td colspan="2">3.4 Задоволување на потребите на учениците.</td></tr>
<tr><td>Изворнаинформации</td><td>Анализа</td></tr>
<tr><td>

- Анкета за ученици
- Увид во ученичките досиеја
- Увид во евиденцијата на стручната служба
- Програма за работа и извештаи на УЗ
- Распоред на часови
- Посета на наставни часови</td><td>

➢ <u>Идентификување на образовните потреби на учениците</u>

Образовните потреби на учениците се идентификуваат од секојдневното следење на постигнатите резултати во едукацијата што се одраз и релевантен показател на совладаната наставна материја и содржини што се реализираат по сите предмети и наставни програми.

Според пројавените тешкотии во учењето и покажаните недостатоци во знаењата на одделни ученици,наставникот благовремено формира дополнителна настава со група ученици кои имаат сериозни тешкотии во совладувањето на наставните содржини.

За работата со секоја група наставниците изготвуваат посебна наставна програма,план за работа со поедноставни примери,со соодветен дидактички материјал и наставни средства што ќе го олесни учењето на послабите ученици.

Оваа настава престанува откако учениците ги совладаат појавените недостатоци и тешкотии во одредени содржини и предмети што не значи дека и понатанаму будно нема да се следат и нема да им се помага индивидуално.Меѓутоа дополнителната настава се поретко се реализира поради оптовареноста на учениците со голем број часови и наставни содржини, и поради тоа што голем дел од учениците патуваат со организиран превоз и не можат да остануваат после седмиот час.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Додатната настава се организира за талентирани ученици со натпросечни знаења и способности кои се заинтересирани за проширување или продлабочување на знаењата во сите сегменти на програмските содржини.<br><br>Учениците самостојно се определуваат за додатна настава што мора да се насочи и програмира во текот на целата учебна година со конкретни програми од страна на наставникот.Специфичноста на додатната настава се состои во примена на најпогодни форми и методи на работа кои максимално ќе ги активираат сите потенцијали на учениците.<br><br>➢ **<u>Почитување на различните потреби на учениците во наставата</u>**<br><br>Наставникот е стручен соработник кој им помага на учениците во работата да дојдат до одредени сознанија,заклучоци,генерализација па и откритија.Учениците се стимулираат со учество на:општиниски, регионални,државни натпревари каде многу од нив се стекнуваат со пофалници,признанија,стипендии, сл.Училиштето за да ги стимулира а секако и промовира постигнатите резултати, организира трибина на која им се доделуваат на учениците признанија и дипломи за постигнатите резултати. На сите ученици кои имаат континуиран одличен успех при доделување на свидетелства им се доделуваат и книги. Постигнатите резултати се промовираат преку социјалните мрежи, веб страната на училиштето и локалните телевизии.<br><br>Наставниците добиваат стручна помош и поддршка од страна на разни инфо сесии, семинари организирани на регионално и државно ниво. Наставниците се едуцираат и унапредуваат за едукативниот процес преку разни проекти кои ги организираат невладини организации со препорака на Бирото за развој на образованието, се со цел да одговорат на потребите на учениците во согласност со времето.<br><br>Така подготвени наставниците можат да ги задоволат потребите во сите современи трендови и индивидуалните потреби на учениците во воспитно-образовниот процес во училиштето.<br><br>Наставниците применуваат разни методи и форми во работата кои горе веќе ги спомнавме како што се:додатната настава што се организира врз база на ресурсите со кои располага училиштето и врз разните видови на интереси на учениците индивидуално и групно низ разни секции.Наставниот кадар и стручната служба се информирани и учествуваат во реализацијата на точките на акции од воспоставените еко-стандарди.<br><br>Училишната библиотека целосно ги задоволува потребите на учениците кои секојдневно ја посетуваат, меѓутоа недостига одреден фонд на лектири кои треба постојано да се надополнуваат поради оштетување и промена на програма по македонски јазик и литература.<br><br>Учениците кои следат настава на други јазици во турските паралелки и мешаните се оценуваат |

| | |
|---|---|
| | со пофлексибилни критериуми.Наставните програми за нив се со модуларно дизајнирани содржини што резултира со посебниот третман на толеранција,почитување на сите етнички поединки за соживот со етничките заедници што живеат во градот, а учат во училиштето. |
| **3.5 Оценување како дел од наставата** | |
| Изворнаинформации | Анализа |
| – годишна програма ;<br>– годишен извештај за работа на училиштето .<br>– годишни глобални планирања;<br>- тематски планирања;<br>- Анкетата за учениците<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба | ➢ **<u>Училишна политика за оценување</u>**<br><br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето и следењето на работата,успехот и развитокот е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес.Оценката претставува резултат на запознавањето,следењето на развојот и вреднување на знаењата,умеењата,вештините, навиките,задолженијата и активностите на учениците. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување.<br>➢ **<u>Методи и форми на оценување</u>**<br>Методи кои се користат во оценувањето се :<br>-Усно проверување, редовно во текот на секојдневното работење на часовите, покомплексно-периодично по утврдување на големи тематски (логички целини), извршени вежби, активности, тромесечно, полугодишно, годишно.<br>- писмено проверување:писмени работи во училиштето,домашни писмени задачи и трудови на ученикот;<br>-проверување и утврдување со помош на контролни задачи,тестови на знаења од заокружена тема и сл.<br>➢ **<u>Користење на информациите од оценувањето во наставата</u>**<br><br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа , дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигања .<br>Учениците со различни способности различно се третирани во училиштето со критериуми што се флексибилни и перманентно се прилагодуваат на способностите на учениците,нивотона знаење,нивните работни навики,смерови во училиштето(стручните),успехот постигнат во текот на школската година или претходните години на образование.Тоа е особено евидентно во стручните паралелки што апсорбираат ученици со послаби предзнаења и слаб успех од |

| | |
|---|---|
| | основното училиште.Бидејќи помалку се залагаат во совладувањето на наставната материја во едукативниот процес тоа подразбира исклучително флексибилен критериум во оценувањето од наставникот како и индивидуална помош низ формите на дополнителната настава. |
| **3.6 Известување за напредокот на учениците** | |
| Изворнаинформации | Анализа |
| − годишна програма за работа на училиштето<br>− анкетен прашалник за учениците<br>− разговори со ученичката заедница<br>− годишен глобален план за работа на наставниците; | ➢ **<u>Известување на родителите за напредокот на учениците</u>**<br><br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.Учениците перманентно добиваат информации за напредокот во училиштето во текот на тековната година и тоа:<br><br>-ученичко досие што се изготвува континуирано во текот на цела година, а се презентира на крајот на првото тромесечие, на крајот од првото полугодие, трето тромесечие и на крајот на учебната година;<br><br>-училишни информации со кои се информираат учениците и родителите за успехот и поведението на учениците на првата професорско –родителска средба на прво тромесечие;<br><br>- евидентни листови што се подготвуваат и го презентираат постигнатиот успех на ученикот на прво тромесечие, прво полугодие, прво тромесечие второ полугодие и на крајот на учебната година.<br><br>-Свидетелства што се врачуваат на крајот од завршената учебна година како документ за завршено образование во тековната школска година за постигнатиот успех на истата.<br><br>Родителите се информирани за напредокот на своите ученици од горе наведените информации последователно повеќе пати во тековната учебна година-ученичко досие,евидентни листови,како и на отворените денови на училиштето за родителите(секоја прва среда во месецот) кои во суштина претставуваат индивидуални родителски средби со предметниот наставник и родителот каде на родителот се презентира ученичкото портфолио.Ваквите средби се остваруваа до 2020 година,подоцнапоради новонастанатата ситуација со пандемијата родителските средби се реализираат од далечина на MicrosoftTeams.<br><br>Исто така родителот при посета на училиштето по индивидуална желба или при покана од |

| | |
|---|---|
| | педагошката служба има увид во пишаниот дневник,како и во Е-дневникот,од каде се информира за успехот и поведението на своето дете.<br><br>Училиштето редовно организира наставничко-родителски средби според статутот за работењето на училиштето во тековната школска година и тоа :<br><br>-заедничка средба на наставниците со родителите на училишно ниво каде се добиваат информации за сите струки, насоки, профили на образование, матура, куќен ред и дисциплината во училиштето и др .<br>- две во текот на првото полугодие<br>- две во текот на второто полугодие<br>На овие средби се води дискусија за успехот и поведението на учениците меѓу професорот, класниот раководител, претседателот на класната заедница и родителите за клучни прашања релевантни за успехот и поведението на учениците поединечно и класот во целина.<br>Училиштето редовно информира исто така и при евентуални проблеми во поведението и успехот на учениците. |

**Други методи кои се користени за собирање на податоци**

**Анкетнипрашалницизанаставниоткадар, учениците и нивниteродители**,

- ❖ одкоисеисцрпијаинформациизаактуелната и посакуванатасостојбавоучилиштето.
- ❖ во нивно креирање и спроведување учествуваше целиот тим одговорен за Подрачје 3 во соработка со главниот координатор на Самоевалуација 2019-21 и директорот на училиштето.

❖ ***<u>Прашања за наставници</u>***

Со овој прашалник беше опфатен целиот наставен кадар, меѓутоа одговориле 13 мажи и 28 жени, или вкупно 41 испитаници од наставниците, 2 од турска и 39 од македонска националност.

❖ На прашањето **3. Дали ги запознавате учениците со кодексот на однесување (на ученици, наставници и родители) во училиштето?** 53% одговориле со редовно и 12% со делумно, и никој со не

❖ На прашањето **13. Дали постои разликата во наставните планови и програми што ги изготвувате со оние**

**предложени од БРО?** 59% од испитаниците одговориле под а) нема разлика, 39% под б) во помал обем, 2% под в) во поголем обем, и никој не кажал г) целосно се разликува.

❖ На прашањето **14. Наставните планови и програми ги изготвувам:** а) секогаш сам – одговориле 56% б) ги вклучувам учениците – одговориле 0% , в) ги вклучувам колегите (стручни активи и корелација со др.предмети) – одговориле 49%, и г) со други (навеле: (консултации со активот) 2%.

❖ На прашањето **15. Дали добивате поддршка во подготовка и осовременување на Наставните планови и програми од вашата институција? 51% од испитаниците одговориле со** а) да, добивам (се одржуваат семинари и работилници др.облици на информирање (и навеле - обуки, натпревари), **22% одговориле со** б) делумно добивам ( и навеле обуки за осовременување на наставата), и **24% одговориле со** в) не добивам (и еден навел -- тие се пропишани од БРО и ЦСОО).

❖ На прашањето **19. Спроведувате исти критериуми за оценување во секоја паралелка, без оглед на етничката припадност на учениците. 61% одговориле под** а) целосно се согласувам , **29% одговориле под** б) делумно се согласувам, **и 5% одговориле под** в) не се согласувам (бидејќи имаат различно знаење и разбирање, критериумите ги прилагодувам на структурата, потребите и способностите на учениците во паралелката).

❖ На прашањето **33. Учениците се вклучуваат во вонаставни активности по сопствен избор. – одговориле со:**
а) Да **- 85%** б) Делумно **=15%** в) Не **--2% од испитаниците.**

❖ На прашањето **38. Дали сметате дека во наставните програми во доволна мера се интегрирани содржини и активности за културата и традицијата на локалната средина? Испитаниците одговориле вака:**
а) Да **- 15%** б) Делумно **- 63%** в) Не **--22%** (навеле: треба да се одбележуваат традиционалните културни настани)

❖ На прашањето **39. Дали сметате дека во наставните програми во доволна мера се интегрирани содржини и активности за негување на меѓуетничката интеграција во образованието? Испитаниците одговориле вака:**
а) Да **41%** б) Делумно **59%** в) Не **10%.**

❖ На прашањето **44**. **Дали вие како наставници во последните 3 години имате покренато иницијатива до БРО/МОН за измени или дополнување на наставните планови и програми, а со цел да се подобри квалитетот на образованието? со**
а) не **- одговориле 83%**
б) да **- одговориле 15%** (и навеле дека во последните 3 години е покрената иницијатива -- Двајца одговориле 2 пати, еден одговорил 1пат).

❖ ***Прашања за ученици***

Во рамките на ова анкетирање беа опфатени 66 ученици, од кои 14 се од турска и 52 ученици од македонска етничка припадност, од кои 29 машки и 37 женски по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Учениците се од трета и четврта година средно образование на возраст од 17 и 18 години и во училиштето посетувале 2 години настава

со физичко присуство, не земајќи ја во предвид претходната година со онлајн настава.

- На прашањето **8. Дали се чувствуваш пријатно во училницата?**Учениците одговориле вака:

а) да 65% б) делумно 33% в) не (зошто) само 2% и никој не објаснил зошто.

- На прашањето **15. Дали се чувствуваш безбеден додека си во училиштето, на настава и на одморите? Одговориле вака:**

а) да, секогаш - **86%** б) понекогаш**- 14%** в) не (зошто и каде) **– 0%**

- На прашањето **16. Какви методи и форми на работа користат вашите наставници во работата со вас?одговориле вака:**

***Забелешка: во прашањето можат да се заокружат повеќе одговори**

а) работа во групи – 85%
б) индивидуално излагање на наставниците - 38%
в) со поставување на прашања - 83%
г) практична настава - 42%
д) користење на нови методи – 17%
ѓ) друго __не навеле ништо друго __ 2%

- На прашањето **27. Информации за својот напредок добивам од: одговориле вака:**

а) класен раководител - 70%
б) предметен наставник– 38%
в) стручен соработник– 3%
г) никој– 5%

- На прашањето **30. Дали ти се познати наставните програми за предметите што ги изучуваш: одговориле вака:**

а) да - 35% б) поголем број - 38% в) некои - 16% г) не - 11%

- На прашањето **31. Дали наставниците ве информираат за наставните планови и програми на почетокот од учебната година?Со:**

а) да– **одговориле 70%** б) делумно– **одговориле 27%** в) воопшто не– **одговориле 2%**

- На прашањето **38. Дали стекнатите знаења од вонnаставните активности ти користат во проширување на твоите сознанија? Со:**

а) да **-одговориле 35%** б) многу ми користи **-одговориле 30%** в) малку ми користи **- 23%** г) не **-12% од учениците.**

- На прашањето **39. Со поддршка од училиштето и наставниците учествувате во различни манифестации и се трудите да постигнете високи успеси на натпревари од различни области што се организира на локално, национално или меѓународно ниво. Со:**

а) да **– одговориле 32%** б) делумно-**одговориле 47%** в) не – одговориле **21% од учениците.**

- На прашањето **42. Наставниците реално ве оценуваат по сите предмети. Учениците одговориле вака:**

а) да- 32% б) делумно - 63% в) не (објасни) - 5% и не објасниле ништо.

## ***<u>Прашања за родители</u>***

Во рамките на оваа анкета беа опфатени родителите на 66 ученици, 14 од турска и 52 ученици од македонска етничка припадност кои беа опфатени со прашалникот за ученици по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Пополнет прашалник вратија само 48 родители, и машки и женски ама во неопределен број затоа што не се изјасниле во прашалникот за нивниот пол.

- На прашањето **1. Дали училиштето ве информира при евентуални проблеми во поведението и успехот на вашето дете?Испитаниците одговориле вака:**

а) да **71%** б) доволно **17%** в) понекогаш **12%** г) не**0%**

- На прашањето **2. Како родители, редовно сме информирани за успехот и поведението на нашето дете од страна на класниот раководител и од е-дневникот. Тие одговориле со:**

а) целосно се согласувам **90%** б) делумно се согласувам **10%** в) не се согласувам

- На прашањето **3. Се чувствувам пријатно кога се обраќам до училиштето за било какви информации во врска со моето дете. за**

а) целосно – се изјасниле 73% б) со некои – 21% в) малку – 4% г) не– 2% од испитаниците.

**Самоевалуација на училиштето: СОУ,,Коста Сусинов "-Радовиш** **Подрачје 3.Учење и настава**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>– Со примена на компјутерската техника и интернетот во денешно време е овозможена изработка на поквалитетни НПП<br>– Разновидност на адекватни форми и методи во едукативниот процес во наставата како и различни форми на интеракција со учениците за поголеми резултати во наставата;<br>– Перманентно информирање на родителите за постигнатите резултати за напредок на учениците со евидентните листови на тромесечије, полугодие, а на крај на учебната година со свидетелства за успешно завршено образование.<br>– Вклучување на секој наставник во ЕКО –проектот со соодветни теми од областа на екологијата и вметнување на истата во наставните програми;<br>– Водење на портфолио за секој ученик од страна на секој наставник,преку кое родителот има увид во работата на својот ученик;<br>– Не постои дискриминација по ниеден основ – полова, етничка, верска, социјална итн.<br>– Учениците се подложени на исти критериуми при оценувањето. |
| **Слабости :**<br><br>– Недоволно учество на наставниците во изготвувањето на наставните програми и планови како директни реализатори на истите, со чиј придонес би се зголемил квалитетот на едукативниот процес со содржини што се поконкретни и порационални.<br>– Недостаток на иницијативи за промени на наставни програми<br>– Нема голема активност на секциите во училиштето.<br>– Нема анализа од следење на планирањата<br>– Нема анализа на посетените наставни часови од страна на стручната служба и повратни информации до секој наставник<br>– Нема записници од стручните активи |

**Самоевалуација на училиштата: СОУ,,Коста Сусинов“-Радовиш Подрачје 3.Учење и настава**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите-** |
| Воспитно-образовниот процес во училиштето се реализира со однапред подготвени наставни планови и програми усогласени и одобрени од Министерството за образование. Едукативниот процес ефикасно се остварува со вклучување на сите наставници со примена на широка палета методи и форми што ја применуваат за нагледно и поуспешно реализирање на наставните програми. Оценувањето, соработката, интеракцијата ученик наставник е на завидно ниво, како и информираноста на родителите за постигнатиот успех на учениците во училиштето. Успехот би бил подобар со уште посовремена опрема на кабинетите, кои би се доопремувале континуирано, и кога сите чинители на воспитно-образовниоте процес би дале свој поголем придонес во работата на воннаставните активности како би создале здрава и креативна млада личност преку спортот и поголема културна анимација. |
| **Идни активности-Приоритетни подподрачја(оддели)во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>-ПоголемакомуникацијасоБиротозаразвојнаобразование, соцелнаставницитедаучествуваатвоизготвувањетонанаставнитепланови и програмикакодиректниреализаторинаистите<br><br>-Поголемаангажираностнанаставницитеоколуодржувањетонасекции и воннаставниактивности, како и давањепоттик и мотивацијанаучениците задабидатповеќеактивновклученивоистите. |

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Коста Сусинов"– Радовиш Подрачје 4. Поддршка на учениците**

| ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **4.1** | Севкупна грижа за учениците | ➢ Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>➢ Превенција од насилство<br>➢ Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>➢ Квалитет на достапна храна<br>➢ Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост<br>➢ Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | Здравје | ➢ Хигиена и заштита од болести<br>➢ Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | ➢ Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>➢ Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| **4.4** | Следење на напредокот | ➢ Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>➢ Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| 4.1 Севкупнагрижазаучениците | |
|---|---|
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - Годишнапрограма;<br>- Полугодишни и годишниизвештаи;<br>- Извештајодсанитарни инспекцискинадзори;<br>- Договорисоосигурите лникомпании;<br>- Наставнипрограми и планови<br>- Правилниkзазаштита приелементарнанепо года;<br>- Елаборатзазаштитап рирабoта<br>- Кодексзаученици, наставници и родители.<br>- Екопроект;<br>- Анкети и интервјуа;<br>- Извештаиодреализир аниактивностиод МИО и др.;<br>- Интерниработилници запревенцијаоднасил ство, трговијасолуѓе и сл.;<br>- Програмизасоработка со МВР, ЗД – Радовиш и | ➢ **<u>Заштита од физички повреди и елементарни непогоди</u>**<br>Наставата се изведува во една училишна зграда изградена од цврст градежен материјал со задоволителни безбедносни стандарди.Располага со шест излез – влез сегменти и сопствена скривница. Ходниците се прави и пространи низ кои слободно се движат учениците и вработените. Истите се опремени со ППА апарати,хидранти и визуелни, сликовити помагала и се под видео надзор.Училниците и канцелариските простории се пространи и истите се стандардни за престој на повеќе лица. Училишниот двор речиси ја обиколува зградата и се состои од тревна површина и парк изработен според ЕКО – стандарди како и спортски терени и игралиште (опремени и обележани) за потребите на наставата по спорт и спортски активности. Изградено е мултифункционално спортско игралиште кое служи за вонн аставни активности. Целиот училишен простор е ограден со бетонски ѕид и железна ограда и три влезни порти (две за централните влезови и една за споредниот влез). Училишниот мебел и помагала соодветствува на училишните стандарди и возраста на учениците. Преостанатиот дел од инфраструктура на училиштето постојано се обновува и заменува според пропишаните стандарди и потреби на наставата.<br>➢ **<u>Превенција од насилство</u>**<br>Училиштето располага со интерен нацрт- план за евакуација при елементарни непогоди според кој се изведуват вежби со симулации за евакуација при елементарни непогоди. Наставниците се обучени за заштита при работа и училиштето има елаборат и лице за БЗР.<br>Висок процент од учениците се чуствуваат безбедно додека се на училиште. Во анкетите се појавуваат одговори ( 6%) дека им се понудуваат извесни забранети супстанции и исто толкав процент дека се снимани но, снимките не се објавени на социјалните мрежи.<br>Спроведената анкета кај наставниците покажува спремност и оспособеност за давање на прва помош при полесни повреди на учениците и вработените. Околу една петтина на наставниците не се чуствуват сигурни иличувствуваат потреба од помош од други соработници и потреба од дополнителна едукација.<br>За таа цел во изминатиот период се спроведени едукативни предавања (различна тематика) од стручни лица при Здравниот Дом во Радовиш, но со промените во наставниот кадар соработката и повторувањето на тематски работилници е неминовно и во иднина.<br>Училиштето секоја учебна година склучува договор со осигурителна компанија преку која се врши |

| | |
|---|---|
| ЦрвенКрст- Радовиш<br>- Стипендии, УПТ (условенпаричентран сфер), хуманитарниакции и сл.;<br>- Протокол и планзаработанасредн итеучилиштавоуслов инапандемија | колективно осигурување на учениците од незгоди. Изборот на истата го врши Советот на родители. Вработените имаат можност за колективно осугурување по индивидуален избор.<br>➢ **<u>Заштита од пушење, алкохол и дрога</u>**<br>Училиштето има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, и на видни места се поставени знаци и натписи.Во училиштето понекогаш се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани, При анкетирањето на учениците 42% од нив одговориле дека се преземаат некакви мерки при непочитувањето, 50% дека само понекогаш се преземаат, и само 8% одговориле дека не се преземаат никакви мерки.<br>Преку повеќе пишани форми и активности (во форма на проекти, работилници и предавања) учениците се запознаваат со нивните елементарни права и обврски во рамките на наставата и секојдневниот живот (вовед во право, граѓанско образование,ОЖВ, проектни активности) и воннаставните активности во соработка со владини и невладини организации.<br>Во секоја училница и ходници е поставен Кодекс на однесувањето во кој се наведени очекувани правила и постапки кои се усогласени со законските норми и конвенциите за човекови права. Непочитувањето и кршењето на истите води до соодветни педагошки мерки со чија примена се очекува да се корегира поведението и истите можат да се повлечат ако педагошката мерка делувала воспитно. Во акетните одговори 56% од учениците сметаат дека понекогаш се почитува Кодексот за време на наставата, 39% дека целосно се почитува, а само 5% сметаат дека не се почитува.<br>За поуспешна едукација на учениците училиштето соработува и со компетентни надворешни соработници. Заеднички се организираат советодавно-информативни трибини, предавања,се споделуваат информативни материјали и брошури со цел за поголема информираности достапност до сите ученици.<br>➢ **<u>Квалитет на достапна храна</u>**<br>Училиштето работи во две смени почнувајќи од 7 часот до 19:20 часот. Помеѓу секој час има пет минути пауза освен на вториот одмор во 9:05 и 15:05 часот кога истиот трае 20 минути односно 15 минути, во втората смена. Овој временски интервал поголем дел од учениците го користат како време за ужина. Во рамките на училиштето учениците немаат организирано достава на храна. Истата ја носат од дома или ја набавуваат во околните продавници, млечни ресторани и сендвичарници. Во текот на годината училиштето прибира информации, од надлежните служби при ЕЛС и ХЕС, за квалитетот на храната и хигиенско здравствените услуги на објектите и вработените кои ја продаваат истата. Училиштето ја реадаптира аулата во простор за исхрана на |

| | |
|---|---|
| | учениците со што се обезбедува пристојно место за исхрана на учениците во затворен простор кога временските услови се лоши, додека пак кога времето е сончево и топло учениците го користат училишниот двор како место за исхрана. Иако постои моментално прилагоден простор не значи дека училиштето нема да работи на изнаоѓање на некое ново решение за таа намена.<br>➢ **<u>Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост</u>**<br>Училишната зграда е сместена во рамничарскиот дел на општината со поволен комуникациски приод. На влезот во зградата има соодветен пристап за инвалидски помагала. Внатре училишните скали се со благ наклон и обградени со ограда.. Како резултат на телесни повреди и скршеници се појавуваат инцидентни состојбикај одделни ученици. Со помош на наставниците и со учениците ваквите состојби се надминуваат со цел да не се поремети процесот на редовно школување на ученикот. Ваквите ученици привремно се ослободуват од реализацијата на наставата по спорт, но истите се бара да бидат редовно присутни на часот и да ја следат реализацијата на тековните активности.<br>➢ **<u>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства</u>**<br>Преку различен вид на постапки за прибирање на податоци наставникот-класниот раководител гради социјална слика за секој ученик со кој работи во текот на наставата. Еден добар дел од нашите ученици потекнуваат од социјално добро ситуирани семејства кои можат да им ги подмират потребите поврзни со школувањето. Додека пак помал дел од учениците потекнуваат од социјално загрозени семејства и како редовни ученици истите се корисници на различни облици на социјална помош и поддршка ( детски додаток, ученички стипендии, стипендии за редовни ученици од турската националност, програми за поддршка и стипендирање на ромите, УПТ и сл.). Педагошката служба во континуитет издава потврди на учениците кои се приложуваат за повеќе видови на социјално-економска помош. Еден дел од учениците во паралелките од турски наставен јазик се припадници на ромска етничка група.<br>Училиштето е отворено за соработка и со други хуманитарни организации како што е Црвен крст, во чиј подмладок учествуват наши ученици како волотери. Учениците (полнолетните) и вработените се вклучуваат во крводарителски акции.<br>На ниво на општина продолжува соработката со невладини организации од Р. Турција во кои досега се вклучени нашите ученици од турски етничка припадност, и очекуваме дека соработката ќе се прошири на ниво на училиште.<br>Во својата Програма за работа училиштето предвидува повеќедневни и еднодневни екскурзии, натпревари, матурски вечери, акции и манифестации, иако оваа и претходната година според насоките дадени од Министерството за образование, многу од горееспоменатите настани не можеа да се реализираат поради ковид пандемијата. Тимови составени од наставници, родители и ученици кои се носители на конкретни активности секогаш од надворешни |

| | |
|---|---|
| | соработници бараат спонзори и гратис услуги наменети за децата од социјално загрозени семејства кои не можат да си го дозволат тој трошок. Во условите на пандемската наставна година се обезбедија електронски уреди, од донатори, за учениците кои не поседуваа уред за следење на настава од далечина. Училиштето настојува преку различни видови на активности да создаде позитивна училишна клима во која секое дете ќе се чувствува безбедно, заштитено и достоинствено.<br>Наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик во гимназиското и стручно образование. Во изминатиот период не е еведентиран конфликт на меѓуетничка основа, ниту пак се добиени укажувања за некаков облик на нетолеранција и дискриминација. Од анкетните податоци се гледа дека 96% од родителите сметаат дека нивното дете не е малтретирано од друго дете, а исто толкав процент одговориле со не или дека не се запознаени за таква појава од страна на наставниците. Одговорите од страна на учениците се движат од 82% до 89% во однос на непостоење на дискриминација ( етничка, полова ) и малтретирање . Се наведени ,од страна на учениците (11%), дека извесно вербално и психичко малтретирање се манифестира кон учениците со послаб успех од страна на наставниците. Училиштето работи на одржливост на веќе реализирани проекти и нивна понатамошна имплементација со учество во нови. |
| **4.2 Здравјето на учениците** | |
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - Годишнатапрограмазаработа на училиштето;<br>- Санитарниинспекцискинадзори;<br>- Извештаиодсистематскипрегледи;<br>- Извештаиодкрводарителскиакции;<br>- Записнициоднаставничкисостаноци;<br>- Анкети и интервјуа<br>- Пофалници и | ➢ **<u>Хигиена и заштита од болести</u>**<br>Училиштето е објект од витална важност. Просторните капацитети на нашето училиште се максимално искористени. Тоа работи во две смени и низ него дневно поминуваат околу 512 ученици и 72 вработени и секојдневно има присуство на родители и други надворешни соработници( освен во условите на пандемија кога се спроведуват национални протоколи за работа на училиштето). Хигиеничари поделени во две смени секојдневно се грижат за одржување на хигиенско-естетските услови во просториите каде што учат и се движат учениците и вработените. Се настојува хигиената да се одржува редовно како во училниците, така и во спортската сала, соблекувалните, ходниците, скалите, канцелариските простории, санитарните јазли и училишниот двор.<br>Според Протоколот за одржување настава во услови на пандемија беа запазени сите мерки за одржување на наставата, додека пак наставниот кадар, стручните служби и хигиеничарите во остварувањето на обврските и задачите постојано се раководеа од истите протоколи и насоки од |

| | |
|---|---|
| признанијазаучествонанатпревари<br>- Протокол и планзаработанасредниteучилиштавоусловинапандемија. | МОН.<br>Преку повеќе видови на активности и проекти училиштето настојува да ја одржува еко свеста на учениците правејќи ги активни чинители во одржувањето на хигиената. Во склоп на самите наставни предмети, постојат наставни единици кои задолжително обврзуваат обработка на содржини за подигање на еколошката свест кај учениците.Во рамките на ЕКО – проектот наставниците планираат различни активности за подигање на еколошката свест и естетските чуства на учениците. Училиштето се стекна со титула ,,ЕКО - Училиште'' и е добитник на зеленото знаме. Во склоп на наставните програми по речиси сите предмети учениците се вклучени во изработка на повеќе проекти поврзани со производство на зелена и еколошки чиста енергија. За таа цел, под менторство на наставниците изработуваат проекти поврзани со Обновливите извори на енергија (вода, сонце, енергија од биомаса, геотермална енергија и сл.). Во изминатиов период учествуваа на натпревари за развојот и примената на наноматеријалите. Низ училниците и целиот работен простор како и низ училишниот двор се поставени корпи за отпадоци. На видни места се поставени укажувања за местото каде треба да се фрла ѓубрето. На учениците постојано им се укажува дека треба да ги проветруваат училниците за време на одморите, со тоа што сами ќе ги отвораат и затвораат прозорците. Континуирано се гради ставот дека одржувањето на личната хигиена како на телото така и на облеката значајно го подобрува не само здравјето, туку и естетскиот изглед на младиот човек.<br>➢ **<u>Грижа за учениците со здравствени проблеми</u>**<br>Во периодите на грипови и настинки училиштето води евиденција за осипување на учениците од настава и истите ги доставува до Здравниот дом.<br>Во услови на пандемијата од Ковид вирусот, нашето училиште се раководеше и ги запазуваше сите мерки, според Протоколите и планови за одржување на настава како со он-лајн така и со физичко присуство во услови на пандемија, а кои беа објавени од страна на Министерството за образование и наука. Се води редовна евиденција на дневна основа за отсуство на учениците и се пријавуваат учениците заболени од КОВИД вирусот до ЈЗ Штип. Истите податоци во вид на извештај задолжително се доставуваат секојдневно до МОН по електронски пат.<br>Училиштето континуирано спроведува соработка со лица од Здравен дом Радовиш и од ХЕС службата за превентивно дејствување. Се организираат предавања од медицински лица, се делат флаери и брошури како и плакати со информативна содржина.<br>Соработката со Црвен крст при општина Радовиш продолжува и понатаму, се остварува на различни нивоа, во кои нашите ученици се вклучени во нивните активности, предавања, хуманитарни акции и крводарителски акции итн. |

| 4.3 Советодавна помош на учениците | |
|---|---|
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - Програмазаработана кариерниотцентар;<br>- Програмазаработана психологот;<br>- Програмазаработана педагог;<br>- Записнициодродител скисредби и<br>- Записнициодразговор исородители и ученици.<br>- Поканиилифлаеризау чествонатрибини, предавања и обуки<br>- Просторијазакариерн осоветување и кариеренцентар<br>- Слободничасовинауч илиштетоодобластан акариернотосоветува ње<br>- Флаери и плакатизапромовира њенаучилиштето и неговитеобразовнипр офили<br>- Договоризасклучена феријалнапракса<br>- Електронскатавебстр ананаучилиштети;<br>- Националнатаплатфо рмазаучењеlms, schools.mk | ➢ **<u>Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување</u>**<br><br>Образовната структура во нашето училиште опфаќа околу 68 % од учениците во гимназиското и околу 32 % во стручното образование. Образованието кое се изведува во паралелките нуди сестрани и битни информации и знаења (теоретски и практични). Ова му дава можност на младиот човек да може да се пронајде себе си во конкретните науки кои се поврзани со извршувањето на одредени професии. Голем дел од учениците во завршните класови се мотивирани за продолжување на своето образование во некои од високо образовните институции во земјата и странство. Изборот на идната професија е голема дилема која не е само задача во рамките на семејството туку е обврска и на училиштето. Ние како образовна институција на учениците од завршните класови им нудиме повеќе видови на информации.<br><br>- Во текот на целото второ полугодие училиштето им остапува простор на сите високо образовни институциии да се претстават и е отворено за соработка со истите. Им се дозволува да вршат презентација и се делат брошури и плакати. Така на директен и индиректен начин учениците се информираат за студиските програми и условите за студирање. Измината година презентациите се изведуваа онлајн.<br><br>- Припополнувањетонапријаватазадржавнаматуракласниотраководител и наставницитеимаатобврскадагиинформираатучениците затоакоипредметисеприфатливизаод реденистудискигрупи.<br><br>- Континуирано секоја година училиштето врачувапризнанија и пофалницинанајуспешнитеученицивоизминататаучебнагодина.<br><br>- Ворамкитенаучилиштето а вопретходнопокровотелствонаUSAIDвоучилиштетоработиКариеренцентарзасредностручноо бразование. Носителитенаактивноститесеобученидадаватинформацииоколуспроведувањеинтервјуазара бота, изработканабиографија, мотивациско писмо и слично. Училиштетоимасертифицираниинаставницикакокариернисоветници и оваа програма сеспроведуваво рамките на слободните часови на училитетовостручнотообразование.<br><br>- УчилиштетоактивноучествуванаСаемотзаобразованиекадештогипромовирасвоитеобразовни програми и профилипрекуорганизирањенаобразовништандови.Оваваманифестација е |

| | |
|---|---|
| - Записници и извештаиодсостаноците и работатанаСредношколскатазаедница | ставенамоментално вомирувањепорадипандемијата.<br>- АктивностивосоработкасоАгенцијазавработување, активностикоиистотакасеставенивомирувањепорадипандемијата<br>- Училиштетоорганизираотворенитрибининакоикакоучесницисевклучуваатпоранешниученици, а сегауспешнилуѓесподелувајќигисвоитепрофесионалниуспеси и патотдоистите.<br>- Ворамкитенаучилиштетосеизведувапрактичнанаставазасоодветнитеструкикадештоучениците сездобиваатсоконкретнистручнивештини, сереализираферијалнапраксапрекудоговорисклученисобизнисссекторот коиистотакадопринесуваатвонивнатаиднапрофесионалнанасоченост и преквалификација.<br>- Големделодинформациитезаучилишнотоработењеучениците имаатможностдагидобијатодофицијалнатаелектронскатавебстранана СОУ КостаСусинов,одкадеседобиваатинформации и пристапдоактуелности, новитети и можностзавклучувањевонајразличниактивности.<br>- Воусловинапандемија, дигитализацијатанацелокупниотвоспитно-образовенпроцесбешенеопходенфакторзаспроведувањенаонлајннастава, пазатаацел и соподдршкаод МОН бешекреирана и користенаНационалнатаплатформазаучење и Microsoft Teams платформата. Иститаконтинуиранонудиможностзареализирањенанаставата, објавувањенаматеријалинанеа, и многубројнидругиалаткикоиимгоолеснуваатнаучениците,учењетонадалечина.<br>Во пракса (а тоа го покажуваат и резултатите од анкетите ) се уште доминантен и пресуден фактор околу професионалната определба на учениците е одлуката донесена во рамките на семејството. Целокупното финансирање на студирањето паѓа на товар на родителите така да доста често изборот на професијата зависи од економските можности на семејството, формираните семејни бизниси и дејности како и степенот на економски развој на регионот.<br>➢ **<u>Грижа за учениците со емоционални тешкотии</u>**<br>Физичките и интелектуалните состојби на попреченост кај учениците се очигледни и манифестни така да тие лесно се воочуваат. Од страна на класните раководители или педагошко – психолошката служба кај ваквите ученици обично се бара доставување на специјалистички наоди и препораки за степенот за физичката и интелектуалната попреченост. Во рамките на општината повеќе години наназад не функционира комисија за проценка на степенот на интелектуална попреченост и нема податоци за истите. Ова го отежнува изработувањето на индивидуален образовен план за ученици со такви потешкотии во учењето. Постои мобилен дефектолог, но само за потребите за основните училишта но не и за средното училиште. Училиштето како резултат на заедничка програма на Европската унија и Советот на Европа, а во |

| | |
|---|---|
| | склоп нереализираниот проект: “Регионална поддршка за инклузивно образование'' спроведе низа на обуки наменети за наставници за идентификација и работа со лица со попречености. Училиштето има изготвено интерен информатор поврзан со инклузијата, се со цел да се овозможи полесна интеграција и социјализација на лицата.<br><br>Емоционалните состојби во кои запаѓа ученикот се потешко видливи. Во пракса емоционалните проблеми со кои се соочува некој ученик се рефлектираат преку негативни промени во поведението и успехот. Во врска со таквите промени кај одделни ученици, службите во училиштето бараат соработка и комуникација пред се со родителите. Во овој домен воопшто не ја исклучуваме соработката со надлежните институции. Во своето работење службата користи извесни тестови за проценка на интелектуалната и психичката состојба на конкретниот ученик. Со тестот на емоционалната интелигенција се откриваат извесни моментални емоционални состојби, а со корнел – индекс тестот се откриваат конкретни неуротични и психотични појави кај луѓето. За горенаведените активности кај малолетните лица се бара претходна согласност од родителите (усно или писмено), а полнолетните ученици сами одлучуваат дали ќе изработат некои од наведените тестови.<br><br>Во овој домен во анкетата на учениците во врска со тоа дали се водигрижазаученицитесоемоционалнипроблемибезогледнаизворот (семејнонасилство, семејнанегрижа, разводнародители, болествосемејство, постконфликтнитрауми и сл.)41% одговориле ДА, ДЕЛУМНО – одговориле 44%, со НЕодговорилесамо 15% кои навелеобичнодека наставницитенесезапознаенисоистите, поголембројоднаставницитенемаатразбирање, несеводиникаквагрижазабилокаквиемоционалнипроблеми.<br><br>Во анкетата за родителите на прашањето “Дали наставницитегиразбираат и почитуваатиндивидуалнитепотешкотии и потребинанивнотодете”,40 % одговориле со ДА, со ДЕЛУМНО одговориле 50 % од родителите, МАЛКУ 6% и со НЕ одоговориле само 4 %.<br><br>Она што праксата ни покажува е дека навременото откривање на постоечките аномалии и конкретни потреби на учениците се од витална важност во процесот на образование. Секое затајување и прикривање на податоци од тој вид може да предизвика трајни последици врз понатамошниот интелектуален развој на ученикот. |
| **4.4 Следење на напредокот на учениците** | |
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - Извештаи, анализи;<br>- увидивопедагошкатае виденција и | ➢ **<u>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците</u>**<br><br>Евиденцијата за редовното присуство на учениците во наставата и поведението што |

| | |
|---|---|
| документација<br>- Анкети и интервјуасонаставници и<br>- Извештаизадвижењето и напредокотнаучениците | произлегува од истото се секојдневна активност на предметните наставници и класни раководители. Овие податоци во континуитет се еведентираат во е-дневникот за работа на паралелката како и во извештаите за анализа на успехот и поведението на учениците по предмети. Преку евидентните листови на тромесечие и на крајот на првото полугодие, како дел од педагошката документација на работењето на училиштето се здобиваме со поголема прегледност во континуитетот на напредувањето на секој ученик во тековната учебна година. Во своите лични портфолија наставниците го следат напредувањето на учениците по својот наставен предмет. Со сумирањето на горенаведените податоци наставниците, родителите па и самите ученици се здобиваат со пореален и посистематизиран преглед за правецот на развој. Со воведувањето на е – дневникот родителот има пристап до информациите на своето дете во било кое време и било кое место. Така да динамиката со која живеат дел од родителите на нашите ученици нема повеќе да биде пречка во увидот на поведението и успехот на нивното дете.<br><br>Училишната документација се чува во одредени простории наменети за таа цел. Сите документи во присуство на службено лице се достапни за увид на родителите. Училиштето во своето работење се води од идејата за транспарентност. Резултатите и постигањата во континуитет се објавуваат на локалните медиуми. Училиштето одржува комбинирани родителски средби (родителски и отворен ден за родителите).<br>➢ **<u>Анализа на напредокот на учениците по паралелки</u>**<br><br>Прегледноста на напредокот и развојот на секој ученик во воспитно – образовниот процес ни овозможува увид во повеќе сегменти на работењето:<br>- Постигањата на учениците се мерило за секој наставник колку од реализираната наставна програма е разбрана и совладана од учениците. Според тоа предвидува дополнителни часови или додава нови содржини; го диктира темпото на пренесување на наставната материја, методот на работа и стилот на изразување.<br>- Училиштето прогласува, промовира и наградува ученик на годината, ученик на генерацијата, најдобар клас, најдобри постигнати резултати од натпревари, проекти.<br>- Гимназиската програма ни овозможува преодност на учениците ( во I и II год. ), која е поврзана како со постигнатите резултати така и со промени што можат да се пројават, кај учениците, во однос на професионалната ориентација.<br>- Практичната настава и феријалната пракса во стручните паралелки им овозможува примена на теоретските сознанија.<br>- Резултатите кои ги постигаат учениците и потребите на локалниот – бизнис сектор, иницираат идеи и разговори меѓу раководните структури на училиштето, за воведување на нови образовни профили. Во тој сегмент од учебната 2010/11 год. е воведена електротехничката струка, а од учебната 2012/13 истата се реализира и на турски наставен |

| | |
|---|---|
| | јазик. |

| Други методи кои се користени за собирање на податоци |
|---|
| **Анкетни прашалници за наставниот кадар, учениците и нивните родители**,<br>❖ од кои се исцрпија информации за актуелната и посакуваната состојба во училиштето.<br>❖ во нивно креирање и спроведување учествуваше целиот тим одговорен за Подрачје 4 во соработка со главниот координатор на Самоевалуација 2019-21 и директорот на училиштето. |

❖ ***Прашања за ученици***

Во рамките на ова анкетирање беа опфатени 66 ученици, од кои 14 сеод турска и 52 ученици од македонска етничка припадност, од кои 29машки и 37 женски по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Учениците се од трета и четврта година средно образование на возраст од 17 и 18 години и во училиштето посетувале 2 години настава со физичко присуство, не земајќи ја во предвид претходната година со онлајн настава.

На прашањето: " Дали за време на наставата има ред и се почитува Кодексот на однесување? " се добиени следниве резултати:

| ученици | да | понекогаш | не |
|---|---|---|---|
| сите | 39% | 56% | 5% |

На прашањето: " Дали во училиштето се преземаат некакви мерки при непочитување на Кодексот на однесување?"се добиени следниве резултати:

| ученици | да | понекогаш | не |
|---|---|---|---|
| сите | 42% | 50% | 8% |

На прашањето: "Дали си бил сниман и/или објавуван на некоја од социјалните мрежи без твоја согласност, додека си во училиште? " се добиени следниве резултати.

| ученици | да | понекогаш | не |
|---|---|---|---|
| сите | 6% | 6% | 92% |

На прашањето: "Дали во училиштето и училишниот двор ти има некој нудено алкохолни и/или наркотички средства? " се добиени следниве резултати.

| ученици | да | понекогаш | не |
|---|---|---|---|
| сите | 6% | 6% | 88% |

На прашањето: “ Дали си бил изложен на етничка тензија во твоето училиште? “ се добиени следниве резултати.

| ученици | да | многу | понекогаш | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 2% | 2% | 11% | 85% |

На прашањето: “ Дали се чувствуваш безбеден додека си во училиштето? “ се добиени следниве резултати:

| ученици | да | понекогаш | не |
|---|---|---|---|
| сите | 86% | 14,% | 0% |

На прашањето: “ Дали си бил малтертиран (вербално, физички, психички, сајбер насилство) во училиштето од страна на друг/и ученик/ци?“ се добиени следниве резултати:

| ученици | да | често | понекогаш | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 4%<br>“вербално затоа што сум од село” | 0 % | 14,% | 82% |

На прашањето: “ Дали се случува некој ученик да биде малтретиран од некој наставник? “ се добиени следниве резултати:

| ученици | да | не |
|---|---|---|
| сите | 11% | 89% |

Оние кои одговориле потврдно посочиле најчесто вербално, некои психички, некои и двете, и навеле дека се малтретирани оние ученици кои не учат многу и се потценети некако.

На прашањето: “ Дали наставниците имаат разбирање за твоите здравствени и лични проблеми? ” се добиени следниве резултати:

| ученици | да | секогаш | понекогаш | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 35% | 17% | 45% | 3% |

На прашањето : “ Дали во училиштето има возрасни лица кон кои можеш да се обратиш кога имаш некој личен проблем? “ , се добиени следниве резултати:

| ученици | да | не |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| сите | 76% | 24% |

Оние кои одговориле со "да" најмногу од нив го посочиле класниот раководител, малку помалку посочиле некои наставници, неколку го посочиле директорот, мал број стручната служба и помошниот персонал.

На прашањето: " Твоите наставници ти се достапни и ти помагаат кога имаш извесни потешкотии во твојата работа ", се добиени следниве резултати:

| ученици | да | повеќето | некои | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 23% | 41% | 35% | 1% |

На прашањето " Дали учениците во твоето училиште се третираат правично? " , се добиени следните резултати:

| ученици | да | поголем бр. | некои | не | не одговориле |
|---|---|---|---|---|---|
| сите | 22% | 44% | 22% | 9% | 1 % |

На прашањето: " Дали се води грижа за учениците со емоционални проблеми без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родители, болест во семејство, постконфликтни трауми и сл.)? ", се добиени следниве резултати:

| ученици | да | делумно | не |
|---|---|---|---|
| сите | 41% | 44% | 15% |

Како забелешка неколку ученици навеле – обично наставниците не се запознаени со истите, поголем број од наставниците немаат разбирање, не се води никаква грижа за било какви емоционални проблеми.

❖ ***<u>Прашања за родители</u>***

Во рамките на оваа анкета беа опфатени родителите на 66 ученици, 14 од турска и 52 ученици од македонска етничка припадност кои беа опфатени со прашалникот за ученици по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Пополнет прашалник вратија само 48 родители, и машки и женски ама во неопределен број затоа што не се изјасниле во прашалникот за нивниот пол.

На прашањето " Дали училиштето ве информира при евентуални проблеми во поведението и успехот на вашето дете " , се добиени следните резултати:

| родители | да | доволно | понекогаш | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 71% | 17% | 12% | 0% |

На прашањето " Се чувствувам пријатно кога се обраќам до училиштето за било какви информации во врска со моето дете " , се добиени следните резултати:

| родители | целосно | со некои наставници | малку | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 73 % | 21% | 4% | 2% |

На прашањето “ Дали сте подготвени за поголема соработка со училиштето и наставниците?“ , се добиени следните резултати:

| родители | секогаш | понекогаш | немам време | не сум заинтересиран |
|---|---|---|---|---|
| сите | 54% | 37% | 7% | 2% |

На прашањето “ Ако сте подготвени за соработка, каде (во кое поле) би дале свој придонес?“ , се добиени следните резултати:

а) организација на културни манифестации - 21%
б) хуманитарни акции – 50%
в) проекти и воннаставни активности на учениците – 25%
г) надминување на проблемот на неоправдано отсуство на учениците - 4%
д) мотивирање на учениците за поголема активност во училиштето - 35%
ѓ) друго - 6%

На прашањето “ Наставниците ги разбираат и почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на моето дете “ , се добиени следните резултати:

| родители | целосно | делумно | малку | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 40% | 50% | 6% | 4% |

На прашањето “Наставниците ги забележуваат учениците со ПОП (посебни образовни потреби) и со нив работат според посебна изготвена програма “ , се добиени следните резултати:

| родители | целосно | делумно | не |
|---|---|---|---|
| сите | 37% | 46% | 17% |

Оние кои одговориле со “не” објасниле: “не сум запознаена, не сме информирани за работа на наставниците со ученици со ПОП”

На прашањето “ Дали професорите ја почитуваат и ја мотивираат личноста на вашето дете?“ , се добиени следните резултати:

| родители | да | повеќето | некои | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 27% | 40% | 29% | 2% |

На прашањето “ Дали вашето дете бил изложено на некаков вид на дискриминација во училиштето (полова, етничка, верска, социјална)?“ , се добиени следните резултати:

| родители | да | многу | понекогаш | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 6% | 6% | 12% | 76% |

На прашањето “Дали вашето дете било малтертирано (вербално, физички, психички, сајбер насилство) во училиштето од страна на друг/и

ученик/ци?“ , се добиени следните резултати:

| родители | да | често | понекогаш | не |
|---|---|---|---|---|
| сите | 0% | 0% | 4% | 96% |

На прашањето “ Дали се случува некој ученик да биде малтретиран од некој наставник?“ , се добиени следните резултати:

| родители | да | не | не сум запознаен |
|---|---|---|---|
| | 4% | 42% | 54% |

## ❖ ***Прашања за наставници***

Со овој прашалник беше опфатен целиот наставен кадар, меѓутоа одговориле 13 мажи и 28 жени, или вкупно 41 испитаници од наставниците, 2 од турска и 39 од македонска националност.

На прашањето “ Во вашето училиште се реализира образование за односите меѓу половите, репродуктивното здравје, болестите, ХИВ/СИДА и зависност од дрога, алкохол, цигари вклучувајки и надворешни стручни лица “ , се добиени следните резултати:

| **наставници** | да | делумно | не |
|---|---|---|---|
| Сите | 39% | 59 % | 2% |

На прашањето “ Дали се чувствувате способни да укажете прва помош на ученик, ако за тоа се има потреба? “ , се добиени следните резултати:

| **наставници** | целосно | делумно | ме фаќа паника | не сум обучен |
|---|---|---|---|---|
| Сите | 17% | 66 % | 15% | 5% |

* Вкупниот процент кај ова прашање надминува 100 % бидејќи некои од наставниците заокружиле повеќе од еден одговор.

На прашањето “ Дали можете да ги препознаете индивидуалните потреби кај учениците ( емотивни, социјални и физички)?“ , се добиени следните резултати:

| **наставници** | да | делумно | не |
|---|---|---|---|
| Сите | 56% | 71 % | 0% |

* Вкупниот процент кај ова прашање надминува 100 % бидејќи некои од наставниците заокружиле повеќе од еден одговор.

Оние кои одговориле со “да” објасниле: преку разговор и секојдневна интеракција и комуникација со учениците се воочуваат нивните потреби, по нивниот начин на однесување, по службени документи и мислење на класниот раководител, преку посветување внимание на секој ученик поединечно и секојдневно, преку нивното однесување за време на часовите и надвор од нив;
Оние кои одговориле со “делумно” објасниле:не секогаш, бидејќи не секогаш учениците ја даваат правата слика за себе, умеат вешто тие потреби да ги скријат, и поради недостаток на време на часот.

На прашањето “ Дали во училиштето се води грижа за учениците со емоционални проблеми (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родители, болест во семејство, постконфликтни трауми и сл.)? “ , се добиени следните резултати:

| **наставници** | да, од страна на службата | да, нудам поддршка од моја страна | не сум запознаен/а | не се води грижа |
|---|---|---|---|---|
| сите | 76 % | 22% | 15 % | 0 % |

* Вкупниот процент кај ова прашање надминува 100 % бидејќи некои од наставниците заокружиле повеќе од еден одговор.

Оние кои одговориле со “да нудам поддршка од моја страна” ги навеле следните примери: советодавна и морална поддршка, разговор, со градење на взаемна доверба и почит, доколку забележам можам да реагирам...

На прашањето “ Дали вашето училиште ви нуди поддршка за да ги задоволувате индивидуалните образовни потреби на учениците? “ , се добиени следните резултати:

| **наставници** | да | не | не дале одговор |
|---|---|---|---|
| сите | 37 % | 37% | 26 % |

❖ Оние кои одговориле со “да” ги навеле следните дополнувања: (помош од стручната служба, советување и дополнителна за послабите, додатна за талентираните ученици, талентираните ученици имаат можност да ги покажат своите таленти, преку дебати, социјални мрежи, укажувања и литература, со опрема која ни е потребна, додатни часови, ученици на натпревари, работилници со едукативни содржини, со обуки и работилници, учество на различни натпревари и проекти за заинтересираните ученици, работилници, поинакви критериуми и приоди за учениците со ПОП).

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Коста Сусинов”– Радовиш Подрачје 4. Поддршка на учениците**

**Резултати –Кратко образложение на клучните јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Училиштетоостварувaконтинуиранасоработкасоделодинституциитекоининудатстручнапомош и поддршказанепреченразвојнанашитеученици.
- Зголеменинтересзавклученост и соработканародителите и нивнитеучилишниорганивоактивноститенаучилиштето.

| |
|---|
| - Чувствонапријатност и правичностимаатголембројнанашиученицидодекасевоучилиштето. Училиштетосоздаваздраваклимазанивнасоцијализација и развој.<br>- Воучилиштетонаставатасеизведуванамакедонски и турскинаставенјазик и немаоблицинаверска и националнанетрпеливост и поделеност.<br>- Училиштетовоконтинуитетсевклучувавопроектисоцелдајаподобриинклузивноста и интеграцијатаучениците и вработените. |
| **Слабости**<br>- Во пракса нема систематизирана наставна програма за деца со посебни образовни потреби и универзален образец за конкретен вид и степен на попреченост според кои би можеле да изработуваат индивидуален образовен план<br>- Во училиштето има потреба од вклученост на дефектолог и други стручни лица за обука, за стекнување вештини и методи за работа со лица со пречки во развојот<br>- Во услови на пандемија и настава на далечина се забележува тенденција на опаѓање на поврзаноста  меѓу учениците од една страна и наставниот кадар и стручната служба од друга страна, во однос на грижата за емоционалното и физичко здравје на учениците; |

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Коста Сусинов”– Радовиш Подрачје 4. Поддршка на учениците**

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Мотивот за емотивна заштита проследен со чувството на сигурност се вродени човечки потреби кои ги поседуваме од моментот на раѓање. Како што растат и се развиваат децата растат и се развиваат нивните сознанија. Со излегувањето на децата од домот и семејството тие се препуштаат на други институции како што е училиштето. Од тука сосема природни се очекувањата на секое дете грижата и поддршката во неговиот развој да ја превземат воспитувачите – наставниците. Расчекорот и разидувањата помеѓу семејството и училиштето, проблемите во развојот на детето, посебните потреби на дел од децата се состојби и појави кои директно се рефлектираат во процесот на социјализацијата. Училиштето и наставниците во него се клучна алка во тој сегмент кои можат индиректно преку успехот и поведението што го остваруваат учениците да ги проценуваат сегментите во кои треба да дадат поддршка во развојот на учениците. Сметаме дека училиштето се труди да ги задржи учениците во воспитно – образовниот процес, да им понуди поголем дел од потребните информации, да им посочи извесна стручна помош и поддршка. |
| **Идни активности:**<br>- Вклученоста во проекти во организација на БРО, МОН, НВО со што ќе се овозможи уште поголемо надминување на нееднаквостите по основ на полова, национална, верска, социјална, интелектуална и друга основа.<br>- Да се иницира потребата од вработување на дефектолози и да се реактивира комисијата за проценка на ментална |

попреченост на ниво на општина. Институциите да создадат база на податоци од каде би можеле да се служиме со потребните информации и истите да бидат во согласност со законот за заштита на личните податоци.

- **Да се креираат повеќе активности и облици од страна на наставниците за поголема вклученост, поддршка и помагање на учениците со што би се надминала тенденција на опаѓање на поврзаноста меѓу учениците од една страна и наставниот кадар и стручната служба од друга страна, во однос на грижата за емоционалното и физичко здравје на учениците;**
- Наставниците да бидат помотивирани за да се вклучуваат повеќе во проекти и обуки за нивно стручно усовршување.

**Самоевалуација на училиштето: СОУ „Коста Сусинов“ - Радовиш Подрачје: 5. Училишна клима (етос)**

| ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА (ЕТОС) | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ** | **ТЕМИ** |
| **5.1** | 5.1 Училишна клима и односи во училиштето | ➢ Углед/ имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училишна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето<br>➢ Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето одлуки |
| **5.2** | 5.2 Промовирање на постигнувањата | ➢ Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>➢ Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| **5.3** | 5.3 Еднаквост и правичност | ➢ Познавање и поттикнување на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со општината и со урбаната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

| 5.1 Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - Куќен ред на училиштето<br><br>- Кодекс на однесување на учениците и наставниците<br><br>- Евиденција за структура на паралелките<br><br>- Извештај за постигнатиот успех на крајот на учебната 2019/2020 година | ➢ **Углед/ имиџ на училиштето**<br><br>Училиштето се истакнува во регионот со постигнатиот успех на учениците на општински, регионални и државни натпревари по многу наставни предмети, како и по учество на МАССУМ образовното рандеву, а исто така е препознатливо и по учество на учениците во многу воннаставни активности на пример проекти поддржани од USAID, Европска Унија и др.<br>Училиштето поседува **Куќен ред**или кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор, кој е истакнат во наставничката канцеларија и во секоја од учлниците. Училиштето е препознатливо по тоа што генерално се почитува кодексот на однесување од страна на сите чинители на воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето е препознатливо по мисијата и визијата со тоа што се стреми да биде здрава и безбедна животна средина во која учениците пријатно ќе се чувствуваат, без етнички тензии и со почитување на меѓучовечките односи, и во кое ќе се негува меѓуетничката интеграција.<br><br>➢ **Кодекс на однесување**<br><br>Училиштето поседува **Кодекс на однесување за учениците и наставниците** и со него се запознаени сите структури во училиштето. Речиси сите чинители на воспитно-образовниот процес се запознаени со овој кодекс, кој исто така е и објавен на видно место во секоја училница, и тој одговорно и речиси секогаш се почитува за време на наставата и одморите. Класните раководители а и другите предметни наставници редовно ги информираат и потсетуваат |

| | |
|---|---|
| - Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците<br><br>- Извештај за работа на училиштето<br>- Записници од совет на родители и родителски средби<br>- Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br><br><br>- Извештаи од работата со деловната заедница и невладиниот сектор<br>- Увид во веб страната на училиштето<br>- Статут на училиштето | учениците за неговото постоење. Постојат исклучоцина непочитување на Кодексот на однесување и на прашањето бр.5 во анкетниот прашалник: Дали се преземаат некакви мерки при непочитување на кодексот на однесување? 34% одговориле со ДА и навеле: (се изрекуваат казни, се спроведуваат педагошки и дисциплински мерки, намалување на поведение, опомена пред отстранување, усни и писмени опомени, разговори со родители и стручната служба, се пријавуваат во педагошко-психолошката служба, се изрекуваат опомени од класен раководител, директор и Наставнички совет, се опоменуваат учениците, им се укажува на грешките). 51% одговориле ДЕЛУМНО (не се преземаат мерки за учениците кои пушат цигари пред училиштето), и 10% со воопшто не.<br><br>Училиштето поседува **Статут**во кој се детално наведени правата и обврските на сите чинители на воспитно-образовниот процес. Тој е интерен документ на училиштето кој се применува соодветно.<br><br>➢ **<u>Училишна клима</u>**<br><br>Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците.Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.<br><br>Училишната клима и односите во училиштето се многу важни како за учениците и наставниците, така и за родителите, бидејќи секој родител посакува своето дете да се чувствува пријатно во училиштето. При анализа на резултатите од анкетите, во однос на ова подрачје, може да се заклучи дека односите помеѓу учениците и наставниот кадар се на одлично ниво, само многу мал дел од наставниците немаат добар однос кон учениците. Најголем дел од учениците се чувствуваат пријатно и убаво додека се во училиштето. Исто така добри односи на комуникација и почитување се воспоставени помеѓу наставниот кадар во училиштето, кои незадоволиваат само во мал процент на изолирани случаи. Има добра соработка во стручните активи, а исто така постои разбирање и почитување меѓу наставниот кадар и раководителот. Вработените во училиштето во најголем дел се идентификуваат со својата работа.<br><br>➢ **<u>Поведение и дисциплина во училиштето</u>** |

Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Раководителите на паралелките ги изрекуваат навремено и постапно педагошките мерки. Педагошките мерки се запишани во Електронскиот дневник, има записници во досието на ученикот.
Училиштето има правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити на учениците. Поголемиот број од родителите сметаат дека Училиштето соодветно го применува Правилникот.
Постои педагошка евиденција за изречени педагошки мерки во досиеата на учениците.
А нив ги изрекува:
- Одделенскиот совет и
- Наставничкиот совет

Се изрекуваат:
- писмена опомена;
- опомена пред отстранување;
- отстранување од училиштето.

**Вкупен број на изостаноци направени од учениците од I до IV година на крајот на учебната 2019/2020 година**

| | **Оправдани** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 4903 | 29 | 783 | 4 | 5686 | 33 | 170 |
| **II** | 5356 | 37 | 736 | 5 | 6092 | 42 | 143 |
| **III** | 4092 | 27 | 696 | 5 | 4778 | 32 | 149 |
| **IV** | 2915 | 36 | 569 | 7 | 3484 | 43 | 81 |
| **Вк.** | **17266** | **32** | **2784** | **5** | **20040** | **37** | **543** |

**Вкупен број на изостаноци направени од учениците од I до IV година на крајот на учебната 2020/2021 година**

| | **Оправдани** | **Во просек по ученик** | **Неоправдани** | **Во просек по ученик** | **Вкупно изостаноци** | **Во просек по ученик** | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **2462** | **21** | **406** | **4** | **2868** | **25** | **116** |
| **II** | **5662** | **34** | **823** | **5** | **6485** | **39** | **164** |
| **III** | **5248** | **39** | **1006** | **7** | **6254** | **46** | **136** |
| **IV** | **4384** | **34** | **656** | **5** | **5040** | **39** | **129** |
| **Вк.** | **17756** | **33** | **2891** | **5** | **20647** | **38** | **545** |

Во споредба со учебната 2019/2020година,на крајот на учебната година, каде бројот на изостаноците бил 20040, во просек по 37 изостаноци по ученик, на крајот на учебната 2020/2021 бројот на изостаноци е 20647, во просек по 38 изостаноци по ученик, со што се забележува мало и незабележително зголемување на бројот на изостаноците.

- **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето одлуки**

Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи за работата и анализа на успехот по години и струки. Наставничкиот совет на училиштето одржува редовни состаноци на кои се разгледува успехот по години и струки, редовноста и дисциплината на учениците. Се изрекуваат педагошки мерки, пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците.
На состаноците воедно се разгледуваат и извештаи за работата на училиштето, годишната програма, правилниците, измените во законот за средно образование, молбите, разни информации за актуелни ситуации и слично. Од состаноците се водат записници. На состаноците на Наставничкиот совет не учествуваат претставници од учениците и Ученичката заедница.
**На прашањето 34.** Дали во вашето училиште постои Средношколска унија (СУ) со претставници од сите класови? Учениците одговориле вака;
а) да - 97% б) делумно (наведи зошто) 3% и не навеле ништо в) не (објасни) .......

**На прашањето 35.** Дали си информиран за работата на СУ и како те информираат? Со:
а) да редовно, преку претставникот од мојот клас – одговориле 48% од учениците
б) понекогаш 38% од учениците

| | |
|---|---|
| | в) не, никој не ме информира – одговориле 14% од учениците и додале – мислам дека би било добро сите одлуки да се објавуваат јавно.<br>Се преземаат иницијативи за поголема активност на учениците преку Ученичката заедница и нивно присуство на наставнички состаноци, а со таа цел и за нивно оспособување и охрабрување во донесувањето на корисни одлуки. |

## 5.2 Промовирање на постигнувањата

| Изворнаинформации | Анализа |
|---|---|
| - Годишна програма на училиштето за 2019/20<br>- Годишна програма на училиштето за 2020/21<br>- Извештај од Годишната програма на училиштето за 2019/20<br>- Извештај од Годишната програма на училиштето за 2020/21<br>- Педагошка евиденција<br>- Анкетни прашалници за ученици<br>- Анкетни прашалници за | ➢ **<u>Промовирање на личните постигнувања на учениците</u>**<br>Нашето училиштестава голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниците успешно ги организираат и подготвуваат нивните ученици поставувајќи јасни и високи очекувања. Учениците имаат можности да ги изразат своите способности, квалитети и интереси, и согласно своите капацитети постигнуваат одлични резултати.<br>Талентиранитеучениciод СОУ "КостаСусинов" секојагодинаподменторствонанивнитенаставнициучествуваатнаопштински, регионални и државнинатпреварипоречисиситепредмети.Секоја година се одржува и Образовното рандеву на МАССУМ и учениците се закитуваат со многу медалји. Исто така многуученицисевраќаатсонаградикакоодрегионалните, така и оддржавнитенатпревари. Училиштето ги пофалува и наградува учениците за нивните постигнувања.Секоја година се доделуваат признанија на ученици за:<br>- Најдобар ученик нагодината<br>- Најдобар ученик на генерацијата<br>- Најдобар клас<br><br>**ЛИСТА НА НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА НАТПРЕВАРИ И УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА НАТПРЕВАРИ ВО ПРВОТО И ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2019 / 2020** |

| ПРОФЕСОР | НАТПРЕВАР | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| родители<br>- Анкетни прашалници за наставници<br>- Правилник за избор на ученик на генерацијата<br>- Веб страна на училиштето<br>- Огласна табла | **Славица Ѓоргиева** | Државен натпревар по експериментални вежби – 43та Школа Млади физичари | Скопје, ноември | II награда<br>II награда<br>учество<br>учество | Ана Ангелова<br>Илија Димитриев<br>Иван Евтимов<br>Верче Андонова |
| | **Даниела Ѓоргиева** | Месец на наука | Скопје, ноември | III награда<br>учество<br>учество<br>учество | Стефан Ефтимов<br>Анастасија Ташкова<br>Берна Асанова<br>Јордан Филипов |
| | **Атанас Атанасов** | Месец на наука | Скопје, ноември | III награда<br>учество | Моника Трајанова<br>Ана Бибовска |
| | **Славе Трајанов** | Месец на наука | Скопје, ноември | учество<br>учество | Ангела Стојанова<br>Ана Ангелова |
| | **Славица Атанасова, Билјана Теохарева-Филипова, Василка Митева** | Дабар, онлајн натпревар | ноември | учество | 89 ученици од прва до четврта година |
| | **Сања Маринковска** | Државен рецитаторски натпревар | Скопје, декември | учество | Викорија Митева |
| | **Катерина Диманова** | Државен рецитаторски натпревар | Скопје, декември | учество | Ана Бибовска |
| | **Катерина Сусинова, Наташа Спасевска** | Училишен натпревар | Радовиш, декември | I место<br>I место<br>I место | Елена Гавритова<br>Васе Лазарев<br>Марија Прастова |
| | **Жаклина Стојменова** | Општински натпревар по хемија | Радовиш, ООУ “Крсте П. Мисирков” 22.02.2020 | учество | Бојан Ристов<br>Сефан Ефтимов<br>Анастасија Ташкова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Ленче Јованова** | Општински натпревар по географија | Радовиш, СОУ Коста Сусинов, 09 февруари | пласман за регионален натпревар | Филип Ташков<br>Ана Бибовска<br>Васе Лазарев |
| | **Наташа Ангелова** | Општински натпревар по географија | Радовиш, СОУ Коста Сусинов, 9 февруари | пласман за регионален натпревар | Стефанија Ефтимова |
| | **Ленче Јованова** | Регионален натпревар по географија | 7 март во ООУ Крсте П. Мисирков Радовиш | I место (пласман за државен натпревар<br>учество<br>учество | Лазарев Васе<br>Филип Ташков<br>Ана Бибовска |
| | **Наташа Ангелова** | Регионален натпревар по географија | 7 март во ООУ Крсте П. Мисирков Радовиш | II место (пласман за државен натпревар) | Стефанија Ефтимова |
| | **Катерина Донева** | Општински натпревар математика | 25 јануари Радовиш | II место | Никола Костадинов<br>Филип Ташков<br>Ана Бибовска |
| | **Катерина Донева** | Регионален натпревар по математика | 08 февруари Виница | пофалница и пласман за државен натпревар | Никола Костадинов<br>Филип Ташков<br>Ана Бибовска |
| | **Билјана Јованова** | Општински натпревар математика | 25 јануари Радовиш | I место | Верче Андонова |
| | **Билјана Јованова** | Регионален натпревар по математика | 08 февруари Виница | III место и пласман за државен натпревар | Верче Андонова |
| | **Борче Алексов и Даниела Ѓоргиева** | Онлајн натпревар “Предизвик за млади истражувачи 3” | 12 јуни 2020 | учество | Берна Асанова |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Славе Трајанов** | Општински натпревар по биологија | | - пласман за регионален натпревар<br>-учество<br>-учество | Марија Прастова<br>Олга Спасова<br><br>Нурсел Јакупова<br>Фунда Реџеп |
| **Јовица Илиќ Павлина Филипова** | Регионален натпревар по филозофија | 7 Март, 2020Велес | | Ѓорги Лазарев<br>Драган Манчев<br>Ружица Илиевска |

**<u>Учество на спортски натпревари:</u>**
**Миле Коцев –** учество на зонски и регионален фудбалски натпревар **-**машки
**Љупче Атанасов –** учество на учество на зонски и регионален натпревар во фудбал и кошарка – машки и женски

**РЕЗУЛТАТИ**

од Образовното Рандеву на МАССУМ 2020

Образовното Рандеву на МАССУМ се одржа на Универзитетот ФОН од Скопје во вонредни услови преку далечинско (онлајн) учество. Организирана беше прекрасна соработка преку Microsoft Teams платформа. Нашите ученици учествуваа во следниве категории:

1. Интервју за работа - на македонски јазик
2. Интервју за работа - на англиски јазик
3. Јавно говорење - подготвен говор
4. Маркетинг план
5. Најдобар постер
7. Најдобра видео реклама
8. Најдобар филм
9. Најдобра веб страна
10. Најдобра фотографија
11. Најдобра поетска творба
12. Најдобро кариерно онлајн портфолио.

Спортските и музичките натпревари, како и модната ревија и презентација на штандови на училиштата не можеа да се изведат. Нашите ученици се стекнаа со следниве награди:

- Второ место ( сребрена плакета ) за најдобар Маркетинг план за тимот ученици: Милена Коцева, Ана Илиева и Огнен Алексов под менторство на проф. Верче Чапова;

- Трето место за најдобра Веб страна за тимот ученици: Ѓорѓи Костадинов, Дарко Павиќевиќ, Ѓорѓи Лазарев и Антонио Костадиновски под менторство на проф. Дејан Милчевски.

**ЛИСТА НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2020 / 2021**

| НАСТАВНИК МЕНТОР | НАТПРЕВАР | МЕСЕЦ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ | УЧЕСТВО ИЛИ НАГРАДА | ИМЕ НА УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ: |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Сусинова | Онјалн натпревар Trash Fashion 2020 | 30.11.2020 | Специјална награда за најмногу собран и реупотребен отпад | Марија Прастова<br>Верица Георгиева<br>Косара Ѓорѓиева |
| Катерина Сусинова | Општински натпревар по англиски јазик одржан онлајн | 20.03.2021 | III место | Марија Прастова |
| Катерина Сусинова | Регионален натпревар по англиски јазик одржан онлајн | 17.04.2021 | II место | Марија Прастова |
| Катерина Сусинова | Државен натпревар по англиски јазик одржан онлајн | 08.05.2021 | учество | Марија Прастова |
| Катерина Сусинова | Државен натпревар по читање на англиски јазик за средношколци организиран од страна на UACS | 02.06.2021 | III место<br>учество | Ангела Стојанова<br>Фунда Реџеп |
| Наташа Спасевска | Општински натпревар по англиски јазик одржан онлајн | март 2021 | II место | Васе Лазарев |
| Наташа Спасевска | Регионален натпревар по англиски јазик | април 2021 | III место | Васе Лазарев |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | одржан онлајн | | | |
| | Наташа Спасевска | Државен натпревар по англиски јазик одржан онлајн | мај 2021 | учество | Васе Лазарев |
| | Лидија Николовска | Општински натпревар по англиски јазик одржан онлајн | март 2021 | втора награда<br>втора награда | Петрушев Стефан<br>Филипов Матеј |
| | Лидија Николовска | Регионален натпревар по англиски јазик одржан онлајн | април 2021 | прва награда<br>трета награда | Петрушев Стефан<br>Филипов Матеј |
| | Лидија Николовска | Државен натпревар по англиски јазик одржан онлајн | мај 2021 | учество<br>учество | Петрушев Стефан<br>Филипов Матеј |
| | Ленче Јованова | Општински натпревар по географија - онлајн | 19.03.2021 | прво место<br>второ место<br>трето место<br>прво место | Коцева Ивана<br>Коцева Ана<br>Поцева Верица<br>Ташков Филип |
| | Ленче Јованова | Регионален натпревар по географија - онлајн | 17.04.2021 | прво место<br>второ место<br>трето место<br>прво место | Коцева Ивана<br>Поцева Верица<br>Коцева Ана<br>Ташков Филип |
| | Ленче Јованова | Државен натпревар по географија - онлајн | 07.05.2021 | пофалница<br>пофалница<br>пофалница<br>трета награда | Коцева Ивана<br>Поцева Верица<br>Коцева Ана<br>Ташков Филип |
| | Славица Ѓоргиева | Општински натпревар по физика | март | пофалница<br>пофалница<br>пофалница | Сандра Андонова<br>Михаела тадирова<br>Зорица Ристова |
| | Славица Ѓоргиева | Регионален натпревар по физика | април | I место<br>I место<br>I место | Сандра Андонова<br>Михаела тадирова<br>Зорица Ристова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Славица Ѓоргиева | Државен натпревар по физика | мај | учество<br>учество<br>учество | Сандра Андонова<br>Михаела тадирова<br>Зорица Ристова |
| | Билјана Ристова | Општинскиот натпревар по математика онлајн | 20.02.2021 | трета награда<br>трета награда | Михаела Тадирова<br>Симон Пранговски |
| | Билјана Ристова | Регионалниот натпревар по математикаонлајн | 20.03.2021 | трета награда<br>трета награда | Михаела Тадирова<br>Симон Пранговски |
| | Билјана Ристова | Државниот натпревар по математика со физичко присуство | 10.04.2021 | учество<br>учество | Михаела Тадирова<br>Симон Пранговски |
| | Катерина Донева | Општинскиот натпревар по математика онлајн | 20.02.2021 | втора награда<br>пофалница<br>пофалница<br>учество<br>учество | Ана Бибовска-<br>Стефан Петрушев-<br>Филип Ташков-<br>Сара Серафимовска<br>Симона Долдурова |
| | Катерина Донева | Регионалниот натпревар по математикаонлајн | 13.03.2021 | трета награда<br>учество<br>учество | Ана Бибовска<br>Филип Ташков<br>Стефан Петрушев |
| | Катерина Донева | Државниот натпревар по математика со физичко присуство | 8.05.2021 | учество | Ана Бибовска |
| | Валентина Ристова | Државен натпревар по читање на англиски јазик за средношколци организиран од страна на UACS | 17.04.2021 | втора награда | Стефанија Ефтимова |
| | Љупка Туџарова - Аврамова | Општински натпревар по англиски јазик | 20.03.2021 | I место<br>II место | МихаелаТадирова<br>Максим Крстев |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одржан онлајн | | | |
| Љупка Туџарова - Аврамова | Регионален натпревар по англиски јазик одржан онлајн | 17.04.2021 | I место<br>II место | МихаелаТадирова<br>Максим Крстев |
| Љупка Туџарова - Аврамова | Државен натпревар по англиски јазик одржан онлајн | 08.05.2021 | учество<br>учество | МихаелаТадирова<br>Максим Крстев |
| Славе Трајанов | Општински натпревар | 14.04 2021 | учество<br>учество<br>учество | СтефанијаЕфтимова<br>МаријаПрастова<br>НурселЈакупова<br>ФундаРеџеп |
| Славе Трајанов | Регионален натпревар | 10.05.2021 | III награда<br>II награда | Стефанија Ефтимова<br>МаријаПрастова |
| Славе Трајанов | Државен натпревар | 26.06.2021 | II награда<br>II награда | СтефанијаЕфтимова<br>МаријаПрастова |
| Верче Чапова | Интернационален онлајн натпревар за странски јазици Willkommen | 21.11.2020<br>22.05.2021<br>22.05.2021 | I награда<br>учество<br>учество | Сара Пачемска<br>Ана Коцева<br>Деница Трајанова |
| Тина Вергова | 47ми Караманови поетски средби | ноември 2020 | I место<br>II место<br>учество | Илија Ангов<br>Мартина Јованова<br>Елизабета Ристова |
| Тина Вергова | Ученички литературен конкурс на тема „Јазикот на душата" во организација на Фондазијата Никола Кљусев | октомври 2020 | учество | Берна Асанова<br>Мартина Јованова |

**Годишен извештај**

од Образовното Рандеву на МАССУМ 2021

| | |
|---|---|
| | Образовното Рандеву на МАССУМ се одржа преку далечинско (онлајн) учество под менторство на Универзитетот ФОН од Скопје. Организирана беше прекрасна соработка преку Microsoft Teams платформа.Нашите ученици учествуваа во следниве категории:<br><br>1. Интервју за работа - на македонски јазик<br>Ученик: Ана Бибовска, ментор: Катерина Диманова Јованова<br>2. Интервју за работа - на англиски јазик<br>Ученик: Васе Лазаров, ментор: Наташа Спасевска<br>3. Јавно говорење - подготвен говор<br>Ученик: Симона Долдурова, ментор: Катерина Диманова Јованова<br>4. Најдобар постер<br>Ученици: Дарко Тодоров, Кристијан Благоев, Радомир Димитриевиќ, ментор: Верче Чапова<br>5. Најдобра веб страна<br>Ученици: Илија Димитриев, Никола Димитровски, Димитриј Силјановски,<br>Ментор: Славица Атанасова<br>6. Најдобра фотографија<br>Ученици: Марија Прастова, Верица Георгиева, ментор: Катерина Сусинова<br>7. Најдобра поетска творба<br>Ученик: Виолета Василева, ментор: Катерина Диманова Јованова<br>8. Најдобро кариерно онлајн портфолио<br>Ученик: Иван Евтимов, ментор: Наташа Спасевска<br><br>Нашите ученици се стекнаа со следниве награди:<br>- Второ место ( сребрена плакета ) за најдобра Веб страна за тимот ученици: Илија Димитриев, Никола Димитровски, Димитриј Силјановски под менторство на проф. Славица Атанасова;<br>- Трето место за најдобра фотографија за ученичката Марија Прастова, под менторство на проф. Катерина Сусинова.<br><br>➢ **<u>Промовирање на постигнувањата во име на училиштето</u>**<br><br>Училиштето ги поттикнува учениците и наставниците да учествуваат на натпревари од сите области на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училишните натпревари се интегрален дел од планот и програмата на училишното воспитување и образование. Кога учениците учествуваат на натпревари во тимови, тогаш се зема предвид нивната родова, етничка, социјална и територијална припадност без дискриминација и предрасуди.<br>Јавните настапи се резултат на севкупните постигнувања на учениците и училиштето во целост од |

| | |
|---|---|
| | подрачјето на науката, физичкото воспитување, литературата, уметноста и музиката.Тие во нашето училиште се организираат на повеќе начини и тоа:<br>- како академии;<br>- како изложби;<br>Академиите најчесто се одржуваат во рамките на прославата на патрониот празник на училиштето или некои јубилејни дати и настани. Програмата на академијата е од областа на спортот, драмската и рецитаторската секција, како и од светот на музиката.<br>Ликовните изложби кои претставуваат дел од уметноста, односно ликовните секции се одржуваат во рамките на патрониот празник, како и по повод новогодишните празници и празникот на жената.<br>Во анкетните прашалници во склоп на самоевалуацијата повеќето родители се изјасниледека во наставните планови и програми треба да бидат повеќе вградени содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина.<br>Исто така голем дел од родителите одговориле дека активностите во училиштето се промовираат на веб страната на училиштето, на социјалните мрежи, на медиумите итн и со тоа е добар начин за афирмирање на работата на училиштето. |

| **5.3 Еднаквост и правичност** | |
|---|---|
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - податоци од психолошко-педагошка служба<br><br>- евиденцијазаструктуранапаралелките<br><br>- анкета за ученици | ➢ **<u>Познавање и поттикнување на правата на децата</u>**<br><br>Во нашето училиштезаедно учат учениците од македонска и од турска етничка припадност.Праватанадецата и еднаквостасепочитуваатнизцелокупниотвоспитно-образовенпроцесодситевработенилицавоучилиштето. Уште со години наназад во нашето училиште имаме отворено паралелки на турски наставен јазик во кои во учебната 2019/20 се запишани 110 ученици, а во 2020/21 година се запишани вкупно 116 ученика од кои 52 ученика се женски, а 64 се машки ученици. Овие 116 ученика го изучуваат мајчиниот, турски јазик. Во овие паралелки се запишуваат ученици од руралните средини кои не го познаваат добро македонскиот јазик, а имаат желба да се дообразуваат. Сите ученици на ниво на училиште имаат право да се запишат по нивна желба во различни етнички |

| | |
|---|---|
| - анкета за наставници<br>- анкета за родители<br>- статут на училиштето<br>- закон за средно образование<br>- годишна програма на училиштето<br>- годишна програма на Средношколска унија | паралелки.Приоформувањетонаструктуратанапаралелкитесенастојувадасепочитуваатбарањатана родителитесоцелдасеподдржиоптималниотразвојналичностанаученикот. За почитување на еднаквоста и правичноста имаме оформено совет на родители кој е составен од обата пола. Анкетираните ученици од различен пол и етничка припадност сметаат дека училишната клима во училиштето во односпрофесор –ученик задоволува, затоа што 38% одговориле со - Да, 59% со - Делумно и само 3% одговориле со Не, во анкетните прашалници од самоевалуациониот процес.<br>➢ **Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>Воучилиштетосеразвивапроцеснанедискриминација и почитувањенадетскаталичноствонаставните и воннаставнитеактивности.Ситевработенивоучилиштетоподеднаквосеоднесуваатконситеученици, независноодполот, етничкатаприпадност, социјалнотопотекло и способностите и когасеработизаактивноститеначасот и заактивноститевончасовите.<br>Со обезбедувањето на училишен простор, мебел, нагледни средства, наставнички кадар, помошно технички персонал, дневни и годишни досиеа, на крајот од прво полуогодието и на крајот на учебната година со наставничките извештаи училиштето успева да ги следи сите ученици и истите тие добиваат еднаков третман.<br>Училиштето како воспитно-образовна институција воспитува и образува ученици од различни генерации и различна етничка припадност. Во дејноста на училиштето покрај учениците кои се главниот фактор за негова реализација, се вклучени и нивните родители.Континуиран е процесотзаинформирањенародителитезаимплементацијанаправатанадецата. Училиштето им нуди на родителите различни форми преку кои тие будно би ја следеле работата и дејноста на училиштето, успехот на учениците и тековните проблеми. Дел од анкетираните родители тврдат дека се информирани за активностите во училиштето и неговите главни ориентации.На прашањето: Дали сте запознаени со училишната политика ( работење на Училишна заедница, Совет на родители, Наставнички совет и др.органи)? 25% одговориле со - Да, 50 % - Делумно и 25% одговориле со Не.<br>➢ **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>Во училиштето постои еднакво и позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност. Сите ученици подеднакво се почитуваат и се третираат од страна на наставниците. Сите ученици и наставници се подеднакво вклучени во сите активности, настани, наставни и воннаставни, и донесување одлуки за нивно реализирање. Исто така и родителите подеднакво се почитуваат.<br>Воучилиштетопостоиголемовзаемнопочитувањепомеѓунаставниците, наставниците иучениците, раководителот и наставниците, помеѓу самите ученицибезразликанапол и националнаприпадност, тоа го заклучуваме од анализата на анкетираните ученици кои на прашањето„Во вашето |

| | |
|---|---|
| | училиште постои взаемно почитување меѓу“ги навеле следниве размислувања:<br>а) наставник –ученик 88 %<br>б) ученици од различен пол 80%<br>в) ученици од различна етничка припадност 58 %<br>г) ученици со различни способности 32 %<br>д) наставник –наставник 41 %<br>ѓ) ученици –стручна служба и раководен тим 29 %<br>е) наставници стручна служба и раководен тим 24 %<br><br>Од анкетираните наставници на прашањето:Дали сте задоволни од односот меѓу наставниците и раководителот на училиштето?85 % од нив се изјаснија дека постои ефективна комуникација меѓу нив, постои разбирање и почитување останатите, 12% одговориле со делумно и сметаат дека таа треба да се подобри, а само 2% одговориле со Не, но не навеле никаква причина.<br>41 % од наставниците сметаат дека се третирани правично и еднакво, односно сметаат дека распределбата на работните обврски и часови меѓу наставниот кадар во нашето училиште е праведна додека останатите 22 % - не се сигурни, одговориле со делумно, 12% не сакаат да го искажат своето мислење, но не е мал процентот (20 %) на оние кои сметаат дека е неправилна распределбата на работните обврски и часови меѓу наставниот кадар. |

| **5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| **Изворнаинформации** | **Анализа** |
| - Извештај за работа на училиштето<br>- записници од Совет на родители<br>- записници од родителски | Во училиштето постои континуирана соработка со надворешни лица, која се одвива на релација:<br><br>➢ **<u>Соработка на училиштето со родителите</u>**<br>Соработката со Советот на родители се одвива континуирано во текот на целиот период.Родителите се директно запознаени и вклучени во сите активности на училиштето. Советот на родители разгледува прашањата од работата на училиштето, го разгледува успехот, редовноста на учениците, соработува со директорот, другите предметни наставници,педагогот и психологот, учествува во организација на активностите, донесува одлуки итн. Годишно се одржуваат неколку состаноци на Совети на родители како и Родителски средби кои редовно и |

| | |
|---|---|
| средби<br>- педагошка евиденција и документација<br>- статут на училиштето<br>- веб страна на училиштето<br>- записници од Училишен одбор | вонредно се одржуваат во текот на учебната година. Од состаноците на Советот на родители и Родителските средби се водат записници. Секој наставник води портфолио или досие за успехот на секој ученик, а наставниците кои се класни раководители изработуваат и евидентни листови кои ги доставуваат на родителите на нивните ученици. Исто така тие се достапни во секој момнет на родителите кои се интересираат за своите деца.<br>Училишниот одбор на училиштето се состанува по потреба и донесува одлуки поврзани со училиштето и неговата работа. Од состаноците на Училишниот одбор се водат записници.Училиштето е отворено за соработка и преку Средношколската унија која се ангажира целосно и покажува задоволителни резултати, одржува редовни состаноци, аплицира на отворени проекти, презема корисни активности за здравјето и образованието на учениците. Исто така училиштето има и отворен ден за родители.<br>На прашањето „Дали сте запознаени со училишната политика“ (работење на училишната заедница, совет на родители, наставнички совет и др. Органи) Со ДА одговориле 25%, ДЕЛУМНО 50%, НЕ 25%, НЕ СУМ ЗАПОЗНАЕН 8%, одговориле родителите.<br>Тоа значи дека голем дел од родителите се запознаени со целосната работа на училиштето, и се заинтересирани за соработка, се интересираат за напредокот на своите деца, доаѓаат во училиштето и прашуваат.<br>Меѓутоа постои и добар дел на родители кои ретко, речиси никогаш не се интересираат за успехот на своите деца и затоа и не се запознаени за работата на училиштето, не соработуваат. Тоа се најчесто родителите на учениците кои имаат слаб успех, незадоволително поведение, многу изостануваат од настава и се недисциплинирани.<br>Форми преку кои се вклучени родителите на учениците во работата на училиштето се:<br>1. Училишен одбор.<br>2. Совет на родители.<br>3. Родителски средби.<br>4. Отворен ден на училиштето.<br>Во нашето училиште училишниот одбор е составен од 12 члена и тоа: четири претставници од наставниците, три претставника од родители/старатели на учениците, 3 претставника од основачот (т.е локалната самоуправа) и по еден претставник од министерството и од деловната заедница.<br>Претставниците од родителите не можат да бидат именувани т.е избрани од редот на вработените во училиштето. Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги именува иразрешува советот на родители. Тие се именуваат за период до завршување на средното образование на нивното дете т.е четиригодишен мандат од прва до четврта година средно образование на своето дете. Училишниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот во кој секако важна улога имаат родителите. Функција на |

| | |
|---|---|
| | училишниот одбор:<br>- донесува статут;<br>- предлага годишна програма за работа;<br>- предлага годишен финансиски план<br>- предлага завршна сметка до Министерството (локална самоуправа)...<br>Во училиштето се формира совет на родители кој го сочинуваат претставници од родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Советот го сочинуваат вкупно 9 члена и тоа од секоја генерациска година по двајца членови освен од прва 3 члена, се избрани преку одборот на паралелките во кој членуваат родителите од паралелките. Советот на родители ја следи и дава мислење за остварување на воспитно-образовната работа. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на советот на родители се утврдува со статутот на училиштето.<br>Родителските средби се средби на родителите на учениците од една паралелка со класниот раководител т.е раководителот на паралелката со цел поединечно да се разгледа успехот на учениците во паралелката , да се анализираат и да се разрешат тековните проблеми од интерес на паралелката како и да се донесуваат одлуки за изведување екскурзии во државата и надвор од неа. Овие средби обично се одржуваат четирипати годишно и тоа на тромесечие и на крајот на првото и второто полугодие од учебната година. Доколку се појави потреба можат да бидат свикани и одржани и дополнителни средби.<br>На отворениот ден на училиштето можат да присуствуваат сите родители и да се сретнат и разговараат со сите наставници, не само со класните родители<br>Во училиштето постои континуирана соработка меѓу родителите на учениците со вработените во училиштето. Родителите на учениците учествуваат во работата и тековните проблеми на училиштето преку: Училишен одбор, советот на родители и родителски средби, меѓутоа речиси никогаш не преземаат самоиницијативни активности и не се вклучуваат во воннаставните активности на учениците.<br>Преку училишниот одбор и советот на родители, родителите работат на изготвување и донесување статут на училиштето, годишна програма за работа, го разгледува и предлага годишниот финансиски план на училиштето. Преку училишниот одбор се врши објавување на јавен оглас за именување директор на училиштето, и тој одлучува при приговорите и жалбите на вработените во училиштето, по жалбите на учениците, родители и други прашања. Преку советот на родители, родителите комуницираат со наставниците за реализација, т.е одобрување за извршување на екскурзии, донирање на средства преку спонзорства, конкретни проблеми за изведување на наставата за што мора да бидат информирани сите родители како: Реализација напрактичната настава во фирми и претпријатија, преземање мерки за построга дисциплина кај учениците- нефрлање на отпадоци, заштита на материјалот и инвентарот за работа, самоволно напуштање на часови и агресивното однесување на учениците. Покрај овие работи, на |

| | |
|---|---|
| | родителските средби се разговара за индивидуалниот и општиот успех на учениците во паралелката.<br>Секој родител може индивидуално да стапи во контакт и разговор со раководителот на паралелката или предметниот наставник за подетално образложение на успехот кај своето дете.<br><br>Информации како за училиштето така и поединечно за ученик родителот може да побара и од стручните соработници во училиштето, педагог, психолог, библиотекар. Стручните соработници можат да им дадат на родителите освен информации за општиот успех на ученикот и слика за психо-физичкиот развој на нивното дете. Родителот може да се информира кај нив и за тоа на кој начин и зошто се изречуват ппедагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од училиштето.<br>За успехот на ученикот на родителските средби, раководителот на паралелката е должен да изготви извештај за постигнатиот успех на ученикот во тековниот период по наставниот период со што родителот има увид во успехот и поведението на своето дете.<br>За било кој вид на средба или посета во училиштето родителите се информираат преку локалните медиуми. Во време на ковид пандемија, наставата се одвиваше online, а со тоа и родителските средби се организираа од далечина преку Microsoft Teems.<br><br>➢ **<u>Соработка со локалната заедница</u>**<br><br>Од голема важност е да се спомене соработката на училиштето со локалната самоуправа, во која се разговара не само за тековните проблеми, туку и проблеми кои треба да се решат во блиска иднина. Локалната заедница обезбедува континуирано стипендирање на ученици од социјално загрозени семејства, како и награда за избор на најистакнат педагошки работник итн.<br>Училиштето во текот на учебната година реализира соработка со средни и основни училишта преку учество на заеднички натпревари.<br>Во повеќе основни училишта наставниците реализираат презентации на гимназиското и стручното образование, пред крајот на учебната година за промоција на училиштето за уписи.<br>На прашањето дали во наставните планови и програми треба да бидат вградени повеќе содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Анкетираните родители одговориле вака: СЕ СОГЛАСУВАМ 22% и навеле запознавање со културното наследство на општината. ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ 65%, НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ 0%, НЕ ЗНАМ 21%.<br>Што значи дека треба да постои некаква поврзаност меѓу училиштето и локалната заедница во поглед на културата и традицијата.<br>Она што е во интерес на училиштето е угледот и неговата афирмација во делот на локалната заедница. Во делот на анкетираните родители на прашањето |

| | |
|---|---|
| | **36.** Дали училиштето каде учи вашето дете има голем углед во локалната заедница? Родителите одговориле вака:<br>а) да 52% б) не знам 40%<br>в) не (доколку одговорот е НЕ, наведете ваши идеи и сугестии би можело училиштето на вашето дете да стане реномирана институција) 8% и навеле – професорите, со чесни исклучоци, го рушат угледот на училиштето, училиштето да се афирмира со повеќе проекти.<br><br>➢ **<u>Соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор</u>**<br><br>Во училиштето покрај гимназиски има и стручни паралелки од електро-техничка и геолошко-рударска и металуршка струка. Од голема важност за учениците, за училиштето како и за деловната заедница е да постои соработка помеѓу нив. Затоа училиштето потпишува меморандум за соработка и со приватни фирми во општината во кои учениците од металуршката струка ја изведуваат својата практична настава, тоа го прават во фирмата „Бучим“, а со тоа директно се запознаени со металургијата и процесот на добивање на бакар и злато.<br><br>Училишната соработка се одвива и преку спортски натпревари, за време на патрони празници. Учениците и наставниците се вклучени во разни проекти, натпревари, работилници, спортски натпревари и сл.<br>Во училиштето претставници од факултетите одржуваат презентации за Наставните планови и условите за запишување на идните студенти.<br>Училиштето има соработка со Здравниот дом – Радовиш, се извршуваат редовни систематски прегледи на учениците прва и четврта година секоја година, на наставниците на секои две-три години.<br>Претставници на „Црвен крст” – Радовиш редовно одржуваат крводарителски акции, и трибини за карактеристични болести, или болести на зависност кај младите итн.<br><br>Во чест на празници и прослави во училиштето се одржуваат и културно уметнички манифестации, вакви манифестации во соработка со училиштето се подготвуваат за „Карамaнови средби“, 6-ти ноември Ден на ослободувањето на градот, новогодишните празници, како и денот на просветните работници 24-ти мај, св. Кирил и Методиј. Се одржува свечена академија за патрониот празник на училиштетото на која се покануваат претставници од другите училишта и локалната заедница.<br>На тој начин се укажува на директна соработка на училиштето во тие културни манифестации, во кои училиштето и учениците ја покажуваат својата креативност.<br>Постои веб страна на училиштето, фб страна, кои одлично функционираат, редовно ги |

| | |
|---|---|
| | известуваат учениците за новонастанатите ситуации и го промовираат училиштето. |

**Други методи кои се користени за собирање на податоци**

**Анкетни прашалници за наставниот кадар, учениците и нивните родители**,

- од кои се исцрпија информации за актуелната и посакуваната состојба во училиштето.
- во нивно креирање и спроведување учествуваше целиот тим одговорен за Подрачје 5 во соработка со главниот координатор на Самоевалуација 2019-21 и директорот на училиштето.

- ***<u>Прашања за ученици</u>***

Во рамките на ова анкетирање беа опфатени 66 ученици, од кои 14 сеод турска и 52 ученици од македонска етничка припадност, од кои 29машки и 37 женски по случаен избор од сите класови од гимназиско и стручно образование. Учениците се од трета и четврта година средно образование на возраст од 17 и 18 години и во училиштето посетувале 2 години настава со физичко присуство, не земајќи ја во предвид претходната година со онлајн настава.

